НОТАРСКА КОМОРА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

број 32

# НОТАРИУС

CHAMBRE DES NOTAIRES DE LA RÉPUBLIQUE DE MACÉDOINE

Издавач:
**НОТАРСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Главен и одговорен уредник:
нотар **Виолета Ангеловска**

Редакциски одбор (по азбучен ред):
нотар **Агрон Арслани,**
д-р **Арсен Јаневски,** професор во пензија
нотар **Оливера Пешиќ,**
нотар **Лидија Рибарева,**
нотар **Лидија Смиљаноска,**
**Зулфиќар Сејфулаи,** нотар во пензија

Адреса:
**НОТАРСКА КОМОРА НА РМ**
бул. „8 Септември" бр. 2/2, 1000 Скопје,
Тел.: 02 **3115 816**; **02 3214 448**
Секретар: 078 **219 867**
e-mail: contact@nkrm.mk
www.nkrm.org.mk

Даночен број: МК 4030998346127
Жиро сметка: 240010000006382
УНИ БАНКА АД Скопје

Лектор:
**ДАНИЕЛ МЕДАРОСКИ**

Графички дизајн и техничко уредување:
**СТУДИО КРУГ Скопје**

Печати: **МАРИНГ Скопје**

Тираж: 350 примероци

Изнесените ставови и мислења и презентираните факти во трудовите објавени во Нотариус се на авторите и не секогаш ги одразуваат ставовите и мислењата на Издавачот

Дел од терминологијата која се користи во текстовите, специфична за проблематиката на темите во весникот, е оставена онака како што мислеа авторите, без поголема лекторска анализа.

Од лекторот

НОТАРСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
CHAMBRE DES NOTAIRES DE LA RÉPUBLIQUE DE MACÉDOINE

НОТАРИУС број 32

# СОДРЖИНА

ГЛАВА I
ИЗВЕШТАЈ ОД ГЕНЕРАЛНО СОБРАНИЕ НА СОВЕТОТ НА НОТАРИЈАТИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА (CNUE) ........ 5

ГЕНЕРАЛНО СОБРАНИЕ НА СОВЕТОТ НА НОТАРИЈАТИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА (CNUE) ........ 7

ГЛАВА II
АКТУЕЛНИ ТЕМИ ........ 15

СУДСКА ЗАШТИТА НА ЗАКОНИТОСТА НА НОТАРСКИТЕ ИСПРАВИ
д-р Фиданчо Стоев, судија во пензија ........ 17

ГЛАВА III
СТРУЧНИ ТЕМИ ........ 27

ЗА ПОТРЕБАТА ОД УРЕДУВАЊЕ НА НОТАРСКИОТ ТЕСТАМЕНТ ВО МАКЕДОНСКОТО НАСЛЕДНО ПРАВО – DE LEGE FERENDA
д-р Ангел Ристов
доцент на Правниот факултет „Јустинијан Први“
„Универзитет Свети Кирил и Методиј“ Скопје ........ 29

ГЛАВА IV
СТРУЧНИ МАТЕРИЈАЛИ ОД НОТАРСКО РАБОТЕЊЕ ........ 45

ЗАКЛУЧОЦИ ДОНЕСЕНИ ОД СТРУЧЕН СОВЕТ НА НКРМ И УСВОЕНИ ОД УПРАВНИОТ ОДБОР НА НКРМ ........ 47

НАЧЕЛЕН СТАВ ДОНЕСЕН ОД СТРУЧЕН СОВЕТ НА НКРМ И УСВОЕН ОД УПРАВНИОТ ОДБОР НА НКРМ ........ 58

ГЛАВА V
ИНФОРМАЦИИ ОД МЕЃУНАРОДНИОТ НОТАРИЈАТ ........ 61

ИЗВЕШТАИ ОД СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА ВО СТРАНСТВО ........ 63

ИЗВЕШТАЈ ОД РАБОТЕН СОСТАНОК ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА ГИЗ, одржан во Сараево на 6 и 7 април 2017 год. ........ 63

# СОДРЖИНА

ИЗВЕШТАЈ ОД МЕЃУНАРОДЕН СИМПОЗИУМ НА УНИЈАТА НА НОТАРИТЕ ВО ТУРЦИЈА одржан во Анталија, од 4 до 7 мај 2017 год. ..... 67

ИЗВЕШТАЈ ЗА СЛУЖБЕНО ПАТУВАЊЕ ПО ПОВОД 10 ГОДИШНИНАТА НА ПОСТОЕЊЕ НА НОТАРСКА СЛУЖБА ВО ФЕДЕРАЦИЈА НА БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА, НА 12 МАЈ 2017 ГОД. ВО САРАЕВО ..... 71

ИЗВЕШТАЈ ОД 1-ТА СЕДНИЦА НА ГЕНЕРАЛЕН СОВЕТ НА УИНЛ одржана во Тбилиси на 13 и 14 мај 2017 год. ..... 73

ИЗВЕШТАЈ ЗА СЛУЖБЕНО ПАТУВАЊЕ ПО ПОВОД 5 ГОДИШНИНАТА НА ПОСТОЕЊЕ НА НОТАРИЈАТОТ ВО РЕПУБЛИКА КОСОВО на 27 мај 2017 год. Приштина ..... 81

ИЗВЕШТАЈ ОД 46-ИОТ КОНГРЕС НА УНИЈАТА НА НОТАРИТЕ ВО ТУРЦИЈА одржан во Анкара, од 2 до 4 јуни 2017 год. ..... 85

ИЗВЕШТАЈ ОД РЕГИОНАЛНА СРЕДБА ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА ГИЗ одржана во Колашин на 28 и 29 јуни 2017 год. ..... 88

ГЛАВА VI
АКТИ НА НОТАРСКА КОМОРА НА РМ ..... 91

ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ НА ВИДЕО НАДЗОР ВО НОТАРСКАТА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ..... 93

ОДЛУКА ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА НОТАРСКАТА КОМОРА НА РМ ..... 100

ГЛАВА VII
ИНФОРМАЦИИ ЗА НОТАРИ ..... 101

ИМЕНИК НА НОТАРИ ..... 103

ИМЕНИК НА ПОМОШНИЦИ НОТАРИ ..... 126

СПИСОК НА НОТАРИ НА КОИ ИМ ПРЕСТАНАЛА СЛУЖБАТА ВО 2017 ГОДИНА ..... 130

# Глава I

# ИЗВЕШТАЈ ОД ГЕНЕРАЛНО СОБРАНИЕ НА СОВЕТОТ НА НОТАРИЈАТИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА (CNUE)

НОТАРСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
CHAMBRE DES NOTAIRES DE LA RÉPUBLIQUE DE MACÉDONIE

ИЗВЕШТАЈ

# Генерално собрание на Советот на нотаријати на Европската Унија (CNUE)




## ВОВЕД

CNUE е тело основано во 1993, со седиште во Брисел, а од 1 јануари 2006 добива статус на Совет на нотаријатите на ЕУ и е официјално тело кое ја претставува нотарската професија во односите со Европските институции и ги изразува заедничките одлуки на своите членови во институциите на Европската унија. Во своите редови брои 22 нотаријати на земји-членки на ЕУ: Австрија, Белгија, Бугарија, Хрватска, Чешка, Естонија, Франција, Германија, Грција, Унгарија, Италија, Латвија, Литванија, Луксембург, Малта, Холандија, Полска, Португалија, Романија, Словачка, Словенија и Шпанија. Како и 3 нотаријати, членови со статус на набљудувач: Црна Гора, Србија и Турција. CNUE на Генералното собрание одржано на 16 и 17.6.2017 година, во Шпанија ја одобри апликацијата и ја прифати Нотарската комора на Република Македонија за член со статус на набљудувач во CNUE.

Notaries of Europe
Providing legal certainty

НОТАРСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
CHAMBRE DES NOTAIRES DE LA RÉPUBLIQUE DE MACÉDONIE

По повод формално преставување на Нотарската комора на Република Македонија како член набљудувач во CNUE на 30 ноември - 1 декември 2017 година Делегација од НКРМ предводена од Претседател, нотар Васил Кузманоски и м-р Анастазија Анастасовска, стручен соработник присуствуваше на работна посета во Брисел, Белгија.

*30 ноември 2017*

За време на посетата во Брисел, делегацијата на НКРМ ја посети Мисијата на Република Македонија во ЕУ. Претседателот Кузманоски и Анастасовска беа примени од страна на В.Д Амбасадорот Влатко Станковски и Александра Вуковиќ, втор секретар.





Претседателот Кузманоски го запозна В.Д Амбасадорот Станковски со процесот низ кој помина НКРМ за да стане дел од CNUE, поканата за делегирање на претставник од Мисијата на РМ во е ЕУ, како и за актуелната состојба на нотаријатот во Македонија. В.Д Амбасадорот Станковски беше позитивно изненаден од целиот процес и го оцени приемот на НКРМ во CNUE како особено

Notaries of Europe
Providing legal certainty

НОТАРСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
CHAMBRE DES NOTAIRES DE LA RÉPUBLIQUE DE MACÉDOINE

значаен посебно заради размената на искуства со нотаријатите во Европа кое е особено потребно доколку се земе во предвид важноста на поглавјето 3.23 Правосудство и фундаментална правда. Поради претходно договорени обврски лично не можеше да земе учество на Генералното собрание но ја овласти Вуковиќ да присуствува во име на Мисијата на РМ во ЕУ.

Делегацијата на НКРМ истиот ден присуствуваше и на прослава по повод 20 години од отворањето на канцелариите на Австриската комора на нотари во Брисел. Шефот на претставништвото во Брисел на Австриската нотарска комора Синди Фокерер го отвори настанот со поздравен говор и се заблагодари на сите гости за присуството. Обраќање на овој настан имаше Претседателот на





Австриската комора Лудвиг Биттнер, Амбасадорот Николаус Маршик, од Постојаната мисија на Австрија во ЕУ, Сала Састамоинен, Директор за цивилна и комерцијална правда, ГД Правда во Европската комисија, како и Рудолф Каиндл Потпретседателот на Австриската нотарска комора кој исто така е и почесен претседател на Советот на нотаријатите на ЕУ.

Со орден на честа од страна на Австриската комора беше одликувана Евелин Регнер, член на Европскиот парламент на Австрија, која во своето обраќање ја истакна улога кои ја заземаат нотарите во општеството, таа посочи

деka нотарите со својата непристрасност се темел на правдата и правната сигурност, а во Европа оваа сигурност ни е и повеќе од потребна. Истакна дека со Австриската комора има долгогодишна соработка и е среќна што во секое време може да смета на таква група професионалци кои даваат конкретни конструктивни забелешки и мислења во однос на областите кои ги засегаат. Потпретседателот Каиндл се надоврза на нејзиниот говор и истакна дека во некој претходен говор таа употребила една споредба која останала со него, а тоа е дека нотаријатот и нотарите се една од фундаменталните и фиксни, ѕвездите на европското знаме.

На настанот Претседателот Кузманоски му честита на Претседателот Биттнер и му посака и понатамошно успешно работење.







Неформални средби беа остварени со делегацијата на Хрватска составена од Дарија Босњак, нотар, Тео Карaботиќ – Миловац, нотар и Филип Милак, стручен советник за меѓународна соработка и односи со јавност во Нотарска комора на Хрватска, делегацијата на Словенија составена од Претседателот Соња Кралј и Александер Шанца, генерален секретар на Нотарската комора на Словенија со кои беше дискутирана состојбата на нотаријатите во секоја земја соодветно. Средба беше остварена и со Претседателот Думитру Вирел Манеску

Notaries of Europe
Providing legal certainty

НОТАРСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
CHAMBRE DES NOTAIRES DE LA RÉPUBLIQUE DE MACÉDONIE

од Нотарската комора на Романија кој го изрази своето задоволство и го поздрави влезот на Нотарската комора на РМ во CNUE.

*1 декември 2017 година*

На генералното собрание на CNUE, беа присутни претставници на нотаријатите на 22 земјите членки на ЕУ. Формалното членство на Нотарската комора беше ставена во делот на статусни и организациски прашања како трета под точка. Претседателот на CNUE Гарсија – Колантес ја поздрави делегацијата на НКРМ, која за овој настан беше придружувана и од претставник на Мисијата на РМ во ЕУ, Вуковиќ.







Во обраќањето го истакна своето задоволство и посака топло добредојде на НКРМ во европското семејство, но исто така напомена дека е запознаен со моменталната ситуација во однос на Законот за нотаријатот како и дека се надева на позитивна разрешница во блиска иднина.

Notaries of Europe
Providing legal certainty

НОТАРСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
CHAMBRE DES NOTAIRES DE LA RÉPUBLIQUE DE MACÉDONIE

Претседателот Кузманоски пред аудиториумот се заблагодари за дадената поддршка, доверба и едногласно донесената одлука НКРМ да биде прифатена како член набљудувач. Посочи дека членството во CNUE е позитивен знак како за НКРМ така и за Република Македонија која чекори напред кон влез во ЕУ. Во своето обраќање Претседателот Кузманоски ја истакна и сериозноста на ситуацијата предизвикана во правниот промет на Република Македонија со Законот за нотаријатот од 2016 година, но и ја поздрави одлуката на Владата на РМ и Министерството за правда за отпочнување на процесот за изменување и дополнување на Законот за нотаријатот кој во моментов е актуелен. Заклучи дека преку CNUE се отвора можност за доближување на нашиот нотаријат што е можно поблиску до европскиот, а тоа значи и можност за надоградување и проширување на видиците и дополнување на знаењето преку размена на искуства. Говорот на Претседателот Кузманоски беше поздравен со аплауз од сите присутни, а Претседателот Гарсија – Колантес истакна дека CNUE е спремно да пружи поддршка на нотаријатот во Македонија во секое време.





Notaries of Europe
Providing legal certainty

НОТАРСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
CHAMBRE DES NOTAIRES DE LA RÉPUBLIQUE DE MACÉDOINE

На агендата на генералното собрание на CNUE, беа предвидени точки како одобрување на записникот од претходното генерално собрание, претседателите од ЗЧ на ЕУ дадоа кратки извештаи за состојбата на нотаријатите, беше изгласан буџетот за 2018 година, приоритетите на CNUE за 2018, а беше избран и Претседател на CNUE за 2018 Мариус Кохлер од Германија и Потпретседател на CNUE за 2018 Пиерре-Луц Вогел од Франција.





Се обработија и повеќе законодавно-политички прашања кои имаат врска со работењето на нотарите како на пр. Закон за конкуренција: резолуција во полза на литванскиот нотаријат, пакет за трговски друштва: дигитализација, прекугранична мобилност и усогласување на законите кои си противречат, информации беа дадени во однос на Единствен дигитален портал, презентирана беше Студија на пазарот на потрошувачи за функционирање на услугите за недвижности за потрошувачите во ЕУ, информација за борба против перење пари, презентација на новиот ИТ проект за нотаријатот, теми за 4 -ти издание на CNUE Futurology Форум, информации за меѓународни односи / односи со други институции каде како една од по битните точки беше презентацијата на специјален извештај за оценка на правна професија на Европската комисија за ефикасност на правдата (CEPEJ) во соработка со CNUE. Во заклучоците на овој извештај се истакнува дека латинскиот тип на нотаријат се практикува во поголемите делови на континентална Европа и е битен фактор за обезбедува

Notaries of Europe
Providing legal certainty

НОТАРСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
CHAMBRE DES NOTAIRES DE LA RÉPUBLIQUE DE MACÉDONIE

ефикасен пристап до правда за граѓаните и компаниите. Во улога на превентивна правда, нотарите дејствуваат непристрасно и помагаат кон спречување на судски спорови, ја контролира законитоста на трансакциите и придонесуваат во борбата за спречувањето на перење пари и финансирањето на тероризам.

На генералното собрание меѓу присутните претседатели беше и Претседателот на Германската нотарска комора Јенс Борманн кој го достави до Владата на РМ и Министерството за правда и експертското мислење во однос на Законот за нотаријатот од 2016 година, тој на Претседателот Кузманоски му ја понуди и понатаму целосната поддршка и изрази спремност доколку има потреба за посета од страна на делегација на Германија во Македонија за да ги брани и објасни ставови искажани во експертското мислење пред соодветните органи.

Честитки за приемот во CNUE меѓу другите изразија и Претседателот на Нотарската комора на Унгарија Адам Тот, како и Претседателот на Нотарска комора на Бугарија Димитар Танев кој му предложи на Претседателот Кузманоски да се организира заеднички семинар на нотарите од Бугарија и Македонија.

Приоритетите на CNUE остануваат и понатаму преку своите членови и контакти активно да се залага за подигање на стандардот и промоција на латинскиот тип на нотаријатот.

Скопје, 5.12.2017

Претседател на Нотарска комора на РМ
нотар Васил Кузманоски с.р.

м-р Анастазија Анастасовска,
стручен соработник во НКРМ с.р.

# Глава II

# АКТУЕЛНИ ТЕМИ

# СУДСКА ЗАШТИТА НА ЗАКОНИТОСТА НА НОТАРСКИТЕ ИСПРАВИ

(Нотарски акти и потврдени приватни исправи)

д-р Фиданчо Стоев - судија во пензија

## ВОВЕД

**Насловот на темата** има непосредна изворна основа во уставната гаранција постулирана во Уставот[1], според која секој граѓанин може да се повика на заштита на слободите и правата утврдени во Уставот пред судовите и одделно за судска заштита на законитоста на поединечните акти, меѓу другите, и на институциите што вршат јавни овластувања, како што е нотаријатот.

Ова уставно начело, со сето значење, наоѓа свое место и примена и во однос на нотарските исправи како еден вид поединечни акти кои ги составуваат и издаваат нотарите во рамките на Нотаријатот како самостојна и независна јавна служба во која се вршат јавни овластувања утврдени со закон.

Нотарите се носители на нотарската служба и како поединци, лично и непосредно вршат јавни овластувања што се утврдени со закон, а кои јавни овластувања конкретно се материјализираат со потврдување и составување нотарски исправи. Тие (нотарски исправи) по сила на законот, врз основа на добиените јавни овластувања, имаат својство на јавни и извршни исправи, со чие правно дејство, по нивната правосилност и извршност, симболично речено, ги отвораат вратите на сите државни органи и јавни институции, пред кои и во кои граѓаните и другите правни субјекти ги остваруваат своите права и интереси.

Веродостојноста и масовноста на издавањето нотарски исправи (согласно досегашната практика) овозможи остварување на две стожерни функции и цели (поради кои пред сè е основан нотаријатот како јавна служба), и тоа: 1) да јакне правната сигурност и на неа заснованата доверба кон оваа институција на граѓаните и правните лица; и 2) да се обезбеди легалитет на правниот живот и промет, како исклучително важен јавен интерес за државата, согласно начелото на владеење на правото.

Ваквото позитивно влијание и придонес на нотарските исправи на правната сигурност на странките и легалитетот на правниот живот и

[1] Устав на Република Македонија, член 50.

промет во државата може да се остварува единствено врз основа на доследна примена на начелото за гарантирање на законито вршење на нотарските работи и овластувања, со почитување на Уставот, законите, ратификуваните меѓународни договори и другите прописи, но истовремено со обезбедување судска заштита на нивната законитост, проследена и со можноста и заканата не само за евентуална кривична и дисциплинска одговорност на нотарите, туку и за нивна одговорност за причината штета во вршењето на нотарската служба.

## 1. СУДСКА ЗАШТИТА НА ЗАКОНИТОСТА НА НОТАРСКИТЕ ИСПРАВИ

Со новиот Закон за нотаријатот[2], појасно се утврдија и дефинираа видовите и својствата на нотарските исправи како јавни и извршни исправи во членот 4 од Законот, според кој како нотарски исправи кои нотарот ги составува во рамките на делокругот за работа и овластувања се сметаат:

- нотарски акти - тоа се исправи за правни работи и изјави кои ги составува нотарот, согласно член 52, член 65 и други членови од ЗН;

- потврдени **(солемнизирани)** приватни исправи - за правни работи во прометот на недвижности и права, кои нотарот ги потврдува согласно член 55 од ЗН;

- решение за нотарски платен налог - кое нотарот го издава согласно членовите од 68 до 81 од ЗН;

- нотарски записници - кои нотарот ги составува за правни работи и други дејствија што ги презел нотарот, согласно член 92 и член 93 од ЗН;

- нотарски потврди - кои нотарот ги издава за факти кои ги утврдил со непосредно забележување или со помош на исправи, согласно членовите 87-90 од ЗН.

Овие нотарски исправи имаат сила на јавни исправи ако при нивното составување и издавање се исполнети потребните услови предвидени со ЗН според погорецитираните одредби. Притоа само нотарските акти, потврдените (солемнизираните) приватни исправи, решенијата за нотарските платни налози и решенијата донесени во оставинска постапка, како доверена работа од судот имаат сила на извршни исправи, во случаите и под условите утврдени во ЗН и ЗВП.

Инаку, според законодавно-правната практика и правната теорија, поимот јавна исправа се дефинира како писмено кое ги содржи следните битни елементи: 1) писменото – исправата ја издава или потвр-

[2] Службен весник на РМ бр.72/2016 и 142/2016.

дува државен орган или институција со јавни овластувања во границите на своите надлежности; 2) со неа се констатираат одредени факти или уредуваат правни работи; 3) она што во неа се потврдува или определува има доказна сила, односно ја докажува вистинитоста што произведува правно дејство во правниот живот; 4) исправата се издава или потврдува во пропишана форма, во зависност од целта што се определува во соодветниот закон; 5) дозволено е да се докажува дека во јавната исправа невистинито се утврдени фактите, или дека исправата е неправилно составена3.

Во Законот за нотаријатот во соодветни членови утврдени се условите, содржината и формата што треба да ја има одредена нотарска исправа за да добие својство на јавна исправа, но исто така утврдени се и причините и начините, односно постапката за оспорување на вистинитоста на тоа што таа го содржи, односно да се оспорува нејзината законитост во судска постапка.

Во овој материјал ќе стане збор, односно ќе бидат опфатени двете најважни форми на нотарски исправи, и тоа судската заштита на законитоста на нотарските акти и потврдените **(солемнизираните) приватни исправи.**

## 2. УТВРДУВАЊЕ НИШТОВНОСТА НА НОТАРСКИОТ АКТ И ПОТВРДЕНАТА ПРИВАТНА ИСПРАВА

Како што е познато, институтот ништовност на правни работи или акти е важен правен основ за обезбедување законитост и легалитет во правниот живот на секоја држава, па затоа судовите и другите државни органи се задолжени по службена должност да внимаваат на нивната евентуална ништовност, која според своето значење и последици, може да постои и да се утврди како апсолутна и релативна ништовност.

Апсолутно ништовни се оние акти со кои се повредуваат правни норми од императивен карактер, па поради тоа не произведуваат никакво правно дејство, односно како да не се донесени. Затоа на апсолутна ништовност може да се повика секое заинтересирано лице, а судот и државните органи на тоа внимаваат по службена должност. Правото на истакнување на апсолутната ништовност не е врзано за рок, не се гаси, ниту може да се отстрани со спогодба на странките, ниту да се конвалидира. Таа настапува по сила на законот, што значи не е потребна судска одлука за да се поништи актот, меѓутоа ако се јави спор дали постојат или не причините за ништовност на актот,

[3] Член 215 од ЗПП и член 50 од ЗОУП и пошироко: Граѓанско процесно право, Книга прва „Парнично право“ од проф. д-р Арсен Јаневски и проф. д-р Татјана Зороска-Камилоска, Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје, 2009 год. страница 318.

судот со својата одлука не го поништува актот, туку само декларативно утврдува дека по сила на законот актот е ништовен[4]. Релативна ништовност (или рушливост) постои ако при составување на актот (или договорот) е повреден законот, односно учествувала странка со ограничена деловна способност или нема уредно овластување, имало недостатоци во поглед на волјата на странките и друго.

Релативната ништовност на еден акт се утврдува со судска одлука по барање на заинтересираната странка за негово поништување и не се внимава по службена должност[5].

Со новиот Закон за нотаријатот, за разлика од претходните два закона, изрично не се назначува апсолутната и релативната ништовност, иако се наведени причините и за едниот и за другиот вид на ништовност. Така, согласно член 66 став 1 од Законот за нотаријатот[6], утврдени се 7 случаи на повреда на законот, кои се идентични како и во законот од 2007 год., но не се означуваат како апсолутно ништовни нотарски акти, туку со употреба на следните зборови: Нотарскиот акт е ништовен и нема својство на јавна исправа ако:

а) е изготвен од нотар кој не е запишан во Именикот на нотарите кој го води Комората;

б) е изготвен од нотар на кого му престанала службата, односно е разрешен;

в) е изготвен надвор од службеното подрачје на нотарот, освен во случаите предвидени во членовите 26 став 8 и 10, членот 28 став 5, а се однесуваат на ситуации кога се работи за правни работи за повеќе недвижност на подрачјата на повеќе судови, ситуации на ангажирање нотар од соседно подрачје до избор на нов нотар на одредено службено подрачје, или во случај на изземање на нотар на подрачје на суд на кое има само еден нотар;

г) е постапено спротивно на член 39 став 2 (нотарската исправа и заверката не се пишувани на македонски јазик и неговото кирилско писмо);

д) не се почитувани одредбите за неписмени, глуви и неми учесници;

ѓ) не се почитувани одредбите од член 65 точки б, г и з (нема податоци за нотарот, нема изјава за начинот на кој нотарот го утврдил идентитетот на учесниците, нема потпис на сите учесници и потпис и печат на нотарот...);

е) е изготвен од нотар кој привремено е оддалечен од нотарската служба.

---

[4] Закон за облигационите односи членовите 95-102

[5] Закон за облигационите односи членовите 103-109

[6] Закон за нотаријатот член 6 став 1

Во сите овие случаи се работи за непочитување на императивните норми чија повреда бара апсолутна заштита преку утврдување на нивна ништовност со последица дека таквите нотарски акти немаат својство на јавна исправа.

Меѓутоа, штом актот во тие случаи нема својство на јавна исправа, нема ефективно непосредно правно дејство во правниот живот на државата, односно не може да се користи за остварување одредени права и интереси.

Судската заштита во овој случај би се обезбедила со оспорување на нотарскиот акт пред надлежниот суд со тужба за утврдување ништовност на актот.

Според податоците во Анализата[7] за периодот 2007-2016 год., биле поднесени 59 тужбени барања до надлежен суд, за утврдување ништовност на нотарски акти и потврдени приватни исправи (ако се изземат 5 тужбени барања против нотари за надомест на штета), усвоени се само 19 тужбени барања, одбиени 15, повлечени 12, отфрлени 13, постапки во тек има 8, решени со спогодба 1 и решен со признание 1. Според податоците, најчести тужбени барања и пресуди биле за утврдување ништовност или делумна ништовност на исправата, поништување на исправата, побивање на правното дејство на исправата и други. Доколку овие податоци се споредат со бројот на предмети ОДУ (односно донесените нотарски акти и потврдените приватни исправи), кој изнесува 988.551, за овој период, сосема е основана оцената во анализата дека е остварен највисок степен на квалитет во нотарското работење.

## 3. ПОНИШТУВАЊЕ НА НОТАРСКИТЕ АКТИ И ПОТВРДЕНИТЕ ПРИВАТНИ ИСПРАВИ

Според член 66 став 2 од ЗН, предвидени се 3 случаи на повреда на законот идентични како и во Законот од 2007 год., но не се означуваат како релативно ништовни, туку предвидуваат можност судот по барање на учесникот да оцени од какво значење е повредата која е направена при составување на нотарскиот акт во случај кога недостига:

а) датум на составување на нотарскиот акт и седиште на нотарот кој го составил актот;

б) кога актот не им бил прочитан на учесниците;

в) кога не се почитувани одредбите од член 65 точка а, нема податоци за датумот кога е составен актот;

[7] Анализа за развојот и работата на нотаријатот за вршење јавни овластувања и неговиот придонес за остварување поефикасен правен систем и правна сигурност, подготвен од поранешниот министер за правда, г. Михајло Маневски, и изложен на „Тркалезната маса“ организирана од Нотарската комора на РМ на 27 април 2017 год.

г) нема податоци за учесниците и полномошниците;

д) нема детален опис на предметот на актот;

ж) не се назначени броеви на листовите и страниците;

з) нема податок на часот на потпишување на тестаментот[8].

Во овој вид судска заштита на законитоста на нотарскиот акт и потврдената приватна исправа, оставено е на судот да цени какво значење и последици има повредата која е направена при нивното составување и во зависност од тоа, ќе го одбие тужбеното барање или ќе го усвои и ќе го поништи оспорениот акт.

Судската пракса ќе покаже какво значење и последица ќе има непрецизното поимно означување на случаите на повреда на законот, наместо нивното јасно разграничување како што беше утврдено во претходниот закон, со означување како апсолутни и релативни ништовни нотарски акти[9].

Освен тоа, се поставува прашањето дали е направен превид кога изрично не се опфатени во член 66, ниту во ставот 1, ниту во ставот 2 и потврдените (солемнизираните) приватни исправи, кои согласно член 4 од новиот закон, се изедначени по правното дејство и својство на јавни и извршни исправи, како и нотарските акти, па тоа треба да се подразбира дека таа одредба важи и за нив. Овој недостаток само делумно се отстранува со одредбата на член 44 од Законот за нотаријатот[10], која наместо да биде дел од одредбата на член 66 како став 3 кој ја уредува ништовноста, поместена е на друго место во законот во споменатиот член 44, во која е опфатена и потврдената приватна исправа. Овој член уредува во кои случаи нотарската исправа нема својство на јавна исправа (поради ненадлежност, деловна неспособност на нотарот, помошник-нотарот и заменик-нотарот или (додадено е) е составена или потврдена од нотар без негов потпис или печат (а испуштено е – или поради недостатоци во формата), а е потпишана од странките, ќе се смета за приватна исправа. Според став 2 на овој член, нотарската исправа од став 1 составена од нотар без негов потпис и печат, нема својство на нотарска исправа.

## 4. УКИНУВАЊЕ НА ИЗВРШНОСТА НА НОТАРСКИТЕ АКТ И ПОТВРДЕНАТА НОТАРСКА ИСПРАВА

Посебно значење има судската заштита на законитоста на нотарските акти и потврдените приватни исправи од аспект на нивното

[8] Закон за нотаријатот член 66 став 2.

[9] Види пошироко: Теофил Томановиќ: Последици од повреда на правилата за составување на нотарскиот акт, Нотариус бр. 12/09.

[10] Закон за нотаријатот член 44.

својството на извршност. Со новиот Закон за нотаријатот[11], децидно и појасно се уредува прашањето на извршност на нотарската исправа (член 53). Нотарската исправа има својство и доказна сила на извршна исправа под условите дефинирани во ставовите 1, 2, 3 и 4 на споменатиот член, а тоа значи:

- да содржи изрична изјава на обврзникот дека врз основа на таа исправа може, по доспеаноста на обврската, непосредно да се спроведе присилно извршување (став 1);

- изрична согласност на продавачот или должникот врз основа на преземената обврска за пренос на одредено стварно право да може да се изврши упис во јавна книга (став 2);

- изрична согласност на должникот непосредно да се бара, по доспеаноста на обврската, извршување врз предметот на залог кој е запишан во јавна книга (став 3);

- изрична изјава на доверителот заверена од нотар или приложена јавна исправа дека условот или рокот настапил за исполнување на обврската (став 4).

Во врска со овие услови за различни ситуации, за да добие нотарската исправа сила на извршна исправа предвидена е значајна новина (во став 7) за посебна судска контрола и заштита: надлежен суд да одлучува во парнична постапка во случај на спор дали е исполнет условот или дали настапил рокот за извршување на нотарската исправа (што во досегашната нотарска практика создаваше чести проблеми и дилеми). Притоа во истата одредба прецизирано е кога нотарот може и е должен да ја укине потврдата на извршност на нотарската исправа, и тоа: врз основа на правосилна судска одлука или врз основа на заверена изјава од нотар на доверителот дека е согласен, да се укине потврдата на извршност, со изготвување посебен записник за тоа службено дејствие.

Исто така, задржана е досегашната одредба (став 8), која има пошироко значење, а според која судот ќе го одложи извршувањето на нотарската исправа во случаите кога ќе утврди:

1) дека при составувањето или издавањето на нотарската исправа не се почитувани условите кои треба да бидат исполнети таа да добие својство на јавна исправа (значи да се оспори законитоста на самата нотарска исправа, пред надлежен суд, и да се бара нејзино поништување за повредите на законот при составување или издавање на нотарскиот акт или потврдената приватна исправа;

2) дека не се почитувани условите кои треба да бидат исполнети таа да добие сила на извршна исправа, имајќи ги погореизложените ус-

[11] Закон за нотаријатот член 53.

лови за нејзина извршност. Притоа под судска заштита се и условите предвидени во став 5 во членот 53, кога нотарот ќе стави потврда на извршност на исправата, а тие се: 1) да има писмено барање од доверителот; 2) да има негова заверена изјава од нотар под потполна морална, материјална и кривична одговорност дека побарувањето или дел од него доспеало; 3) нотарот да изготви посебна потврда на извршност на нотарската исправа, и тоа потврда за целосна или делумна извршноста на исправата.

Оваа судска заштита на законитоста на нотарските исправи и од материјално-правен и од формално-правен аспект сосем логично и основано е ставена во надлежност на судовите (согласно споменатиот уставен принцип), кои единствено се надлежни да ги укинат, поништат или огласат за ништовни по барање на заинтересираните странки (определени во членовите 99 и 100 од Законот за нотаријатот). Оваа надлежност на судовите не треба да се меша со надзорот над законитоста на работењето на нотарот што го врши Министерството за правда и Нотарската комора, ниту со дисциплинските повреди на законот кои се утврдуваат во дисциплинска постапка против нотар за незаконито, нестручно или несовесно постапување, сторено по негова вина - умисла или крајно невнимание (член 132). Ова е така затоа што со надзорот при констатирани евентуални незаконитости или при утврдени дисциплински повреди на законот (дури и за оние повреди кои се однесуваат на непридржување на формата или содржината на нотарската исправа) не се задира во постоењето, ниту може да се менува нотарската исправа, освен ако заинтересираната странка не поведе постапка и не ја оспори законитоста на нотарската исправа и со укинување на потврдата на извршност на исправата, според правилата од Законот за нотаријатот.

## 5. НАМЕСТО ЗАКЛУЧОК

1. Судската заштита на законитоста на нотарските акти и на потврдените приватни исправи може да се остварува со утврдување ништовност на исправата во случаите на потешка повреда на законот утврдени во законот, со поништување на исправата поради недостатоци при нејзинотото составување, односно повреда на законот од материјално-правен и формално-правен карактер утврдени во Законот за нотаријатот и материјалните закони кои се применуваат при составување или издавање на исправата и со укинувањето на потврдата на извршност на исправата поради неисполнување на условите предвидени во законот, таа да добие сила на извршна исправа.

2. Судската заштита на законитоста на нотарските акти и потврдените приватни исправи е во интерес пред сè на страните - граѓаните и правните лица, но таа е во интерес и на нотарите (во услови на нејасностии има противречни законски одредби), за правилно разбирање, толкување и примена на бројните закони (и нивните чести измени и дополнувања), при составување и издавање на исправите. Тоа особено важи за почетната примена на новиот Закон за нотаријатот, во кој постојат повеќе недоволно јасни или недоречени одредби.

3. Податоците за оспорените нотарски акти и потврдените приватни исправи, за периодот 2007-2016 год., покажуваат дека професионалноста на нотарите и нивниот интегритет на самостојно, независно и непристрасно вршење на нотарската служба се на високо ниво, кое треба да се очекува дека ќе продолжи и во иднина.

4. Ќе биде корисно за нотарите и нотарската служба ако се воспостави систем на постојано осознавање и следење на судската практика, со прибирање податоци и нивно анализирање за видовите поднесени тужби до судовите, па и оние во кои нотари се јавуваат како второтужени, основите за оспорување на нотарските исправи, како и причините и аргументите од кои се раководеле судовите при одбивање или уважување на тужбените барања со донесените пресуди.

Скопје, 07.05.2017 год.

# Глава III

# СТРУЧНИ ТЕМИ

# ЗА ПОТРЕБАТА ОД УРЕДУВАЊЕ НА НОТАРСКИОТ ТЕСТАМЕНТ ВО МАКЕДОНСКОТО НАСЛЕДНО ПРАВО – DE LEGE FERENDA

д-р Ангел Ристов*

**Апстракт:** *Нотарскиот тестамент е еден од најчесто практикуваните тестаменти во европските држави. Во македонското наследно право оваа форма на тестамент изречно не е предвидена, и покрај тоа што тестаментот составен од нотарот егзистира во правниот живот речиси две децении. Во трудот, авторот прави подробна анализа на законските решенија со цел да докаже дека постојат повеќе разлики помеѓу судскиот и нотарскиот тестамент. Токму формата на нотарскиот акт во која овој тестамент се составува, меѓу другото, е differentia specificae која го прави овој вид тестамент sui generis, различен од судскиот тестамент. Врз основа на посочените и аргументирани разлики, како и решенијата од споредбеното право, авторот се залага за подробно уредување на нотарскиот тестамент во Граѓанскиот законик на Република Македонија и во Законот за нотаријатот.*

**Клучни зборови:** *нотаријат, нотарски тестамент, нотарски акт, судски тестамент.*

Една од најзначајните реформи во правниот систем на Република Македонија, од нејзиното осамостојување, беше востановувањето на нотаријатот како јавна служба.[1] Со оваа реформа судовите во значителна мера беа растоварени од неспорните предмети, а на граѓаните им се олесни остварувањето на нивните права.[2] Во таа смисла, со право професорот Арсен Јаневски истакнува дека „воведувањето на нотаријатот

[1] Во правниот систем на Република Македонија нотаријатот, како самостојна и независна јавна служба, беше востановен пред две децении, со донесувањето на Законот за вршење на нотарските работи на 16 октомври 1996 година. Првите нотари почнаа со работа на 15 јуни 1998 година, а во месец август истата година беше основана Нотарската комора на Република Македонија. На 30 септември 2001 година на Конгресот во Атина, Нотарската комора на РМ беше примена во Унијата на  на латинскиот нотаријат. Повеќе види кај Арсен Јаневски, Воведување на нотаријатот во Република Македонија, придобивките од него и неговиот натамошен развој, Нотариус, Нотарска комора на Република Македонија, бр. 24, Скопје, стр. 28-28.

[2] Оваа реформа произлезе, пред сè, како резултат на преоптовареноста на судовите со голем број предмети. Покрај ова, таа беше направена и во согласност со Препораката на Советот на Европа од 16 септември 1986 година, со која на земјите членки им се препорачува намалување на обемот на вонсудски предмети и нивно доверување на други вонсудски органи: нотари, извршители и др.

во Република Македонија позитивно се одрази врз целокупното функционирање на правниот систем на државата. Оваа нова јавна служба го олесни правниот промет, овозможи давање на некои правни услуги кои порано не беа давани... влијаеше врз унапредувањето на т.н. превентивна правна заштита“.[3] Во текот на своето речиси дведецениско постоење, нотарите со своето професионално, стручно и ефикасно работење придонесоа за зголемување на правната сигурност во правниот промет.[4] Врз основа на тоа, со текот на времето нивните надлежности, во неколку наврати, беа оправдано проширувани во интерес на граѓаните.[5]

Во сферата на наследното право, можноста нотарот да состави **тестамент според одредбите за судскиот тестамент** беше воведена уште со првичниот Закон за вршење на нотарските работи[6] од 1996 година. Ваквата можност ја предвидуваше и Законот за нотаријатот[7] од 2007 година, вклучително и новиот Закон за нотаријатот[8] од 2016 година.[9] Во Законот за наследувањето[10] од 1996 година, формата на нотарскиот тестамент не е позната и правно уредена.[11] Оттука, според словото на законот, **формата нотарски тестамент не постои во нашето наследно право**.[12] Имајќи предвид дека во практиката граѓаните многу често ја користат можноста да составаат тестамент кај нотар, се наметнува потребата од подробна анализа на одредбите според кои се составува овој тестамент. Ова се прави со цел да одговориме на прашањето дали станува збор за ист тестамент како и судскиот или пак станува збор за **посебен вид тестамент – нотарски тестамент,** кој има свои специфичности, и покрај тоа што законот не го предвидел.

---

[3] Арсен Јаневски, Воведувањето на нотаријатот..., стр. 35.

[4] Повеќе за ова види Анализа за развојот и работата на нотаријатот во вршењето на јавните овластувања и неговиот придонес за остварување поефикасен правен систем и правна сигурност, Нотарска комора на Република Македонија, Скопје, 2017.

[5] Согласно Стратегијата за судските реформи од 2004 година, во периодот кој следуваше, во повеќе законски прописи беа зголемени овластувањата на нотарите во сферата на присилното извршување со издавањето на платниот налог, како и во рамките на водењето на оставинската постапка. Повеќе за проширувањето на надлежностите на нотарите види кај Арсен Јаневски, Воведувањето на нотаријатот..., стр. 33-35; Arsen Janevski, „Vanparnične stvari koji bi sud mogao da poveri notarima“ Pravni život, Udruženje pravnika Srbije, Beograd, br. 12/2003; Јадранка Дабовиќ Анастасовска, „Улогата на нотарот и актуелните прашања на практиката за различните видови договор за дар и договор за послуга во правото на Република Македонија“ Нотариус, Нотарска комора на Република Македонија, бр. 29, стр. 38-65.

[6] „Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/96, 25/98, 6/2002 и 66/2006.

[7] Закон за нотаријатот „Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/2007, 86/2009, 139/2009 и 135/11.

[8] „Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/16.

[9] Повеќе види кај Марјан Коцевски, „Новини кои произлегуваат од новиот Закон за нотаријатот“ Охридска школа на правото 2016 - Правната несигурност како клучен фактор за владеење на правото во современите општества, бр. 4, Iuridica Prima, Скопје, 2017, стр. 55-73; Фиданчо Стоев, „Концептот на новиот закон за нотаријатот“ Нотариус, Нотарска комора на Република Македонија, бр. 29, стр. 7-19.

[10] „Службен весник на Република Македонија“ бр. 47/96.

[11] Повеќе види кај Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, Закон за наследување, Стоби трејд, Скопје, 2015.

[12] Види и кај: Чавдар Кирил, Коментар на законот на наследувањето, „Академик“, Скопје, 1996; Ристо Ристески, Наследување врз основа на тестамент, Друштво за наука и уметност Прилеп, 1995.

Со оглед дека е во тек изготвувањето на граѓанскиот законик[13] и реформата на македонското наследно право, една од позначајните новини, меѓу другото,[14] ќе биде и уредувањето на нотарскиот тестамент.[15] Анализата на домашното законодавство и споредбеното наследно право ќе ни овозможи да докажеме дека формата нотарски тестамент е различна од формата судски тестамент, како и да дадеме предлози за нејзино потемелно уредување во македонскот наследно право.

## 1. СПЕЦИФИЧНОСТИ НА НОТАРСКИОТ ТЕСТАМЕНТ НАСПРОТИ СУДСКИОТ ТЕСТАМЕНТ

Нотарскиот тестамент е тестамент кој според кажувањето на завештателот го составува нотарот во форма на нотарски акт пред двајца сведоци. Во важечкото право, можноста нотарот да состави тестамент е уредена со Законот за нотаријатот, според кој „**тестамент во форма на нотарски акт** се составува согласно одредбите од Законот за вонпрарнична постапка што важат за составување судски тестамент".[16] Судскиот тестамент е уреден во Законот за наследувањето (ЗН) и во Законот за вонпарнична постапка (ЗВП)[17] од 2008 година.[18] ЗН предвидува дека **„тестамент на завештателот, по негово кажување може да состави судија на основен суд, кој претходно ќе го утврди идентитетот на завештателот.** Откога завештателот ќе го прочита и потпише ваквиот тестамент, судијата на самиот тестамент ќе потврди дека завештателот во негово присуство го прочитал и потпишал".[19] Постапката за составување судски тестамент подробно е уредена со ЗВП (чл. 251-264). Поаѓајќи од ова, во поширокота правничка јавност при-

[13] Одлука на Владата на Република Македонија „Службен весник на Република Македонија" бр. 4/2011. Раководител на Комисијата за изготвување на Граѓанскиот законик на Република Македонија е еминентниот професор Гале Галев. Повеќе за ова види Кодификација на македонското и граѓанското право, Зборник на трудови од научна расправа, Македонска академија на науките и уметностите, Скопје, 2008. Заклучно со месец септември 2017 година изготвени се нацртите на книга 3 – Облигациони односи и книга 4 – Наследноправни односи. Исто така изготвена е и првата верзија од нацртот на книга 5 – Семејни односи. Комисијата сеуште ги нема изготвено нацртите на книга 1 – Општ дел и книга 2 – Стварноправни односи.

[14] За ова види повеќе кај: Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, „Новите предлози за реформи во кодификацијата на македонското наследно право" Нотариус, Нотарска комора на Република Македонија, бр. 29, стр. 21-38.

[15] Види повеќе за ова кај: Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, Реформата на наследното право во Република Македонија, Стоби трејд, Скопје, 2016; Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, „Реформите во наследното и семејното право и ингеренциите на нотарите", Нотариус, Нотарска комора на Република Македонија, Сопје, 19 декември 2011, стр.73-74; Љиљана Спировиќ-Трпеновска, Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, Наследното право во Република Македонија, Културна установа „Блесок", Скопје, 2010.

[16] Член 67 од Законот за нотаријатот (ЗН). Овој член е насловен „Составување нотарски акт за изјавите на последната волја". Законодавецот направил грешка во називот „изјавите", ова е така од причина што тестаментот по суштина содржи една изјава на последната волја на завештателот. Најдобро решение би било овој член да носи наслов „Нотарски тестамент".

[17] „Службен весник на Република Македонија" бр. 9/08.

[18] Види кај Чавдар Кирил, Коментар на законот за вонпарнична постапка, „Академик", Скопје, 2008.

[19] Чл. 67 од Законот за наследувањето.

фатено е мислењето дека не станува збор за нова, различна форма на тестамент, од причина што нотарскиот тестамент се составува според одредбите што важат за составување на судскиот тестамент. Во таа смисла, проф. Љиљана Спировиќ-Трпеновска истакнува дека специфичноста на овој тестамент „се состои во овластувањето на нотарот да составува нотарски акт за изјавата на последната волја, како и фактот дека вака составениот нотарски акт има форма и дејство соодветни на судски тестамент".[20]

Доколку се направи подробна анализа на содржината и условите за составување нотарски акт, ќе се забележат повеќе разлики на тестаментот составен во форма на нотарски акт (нотарскиот тестамент) од судскиот тестамент. **Првата** разлика е во надлежноста. За составување на судскиот тестамент е надлежен судија на основен суд.[21] За составување на нотарскиот тестамент надлежен е нотар. Нотаријатот е самостојна, независна јавна служба во која се вршат работи од видот на јавни овластувања, врз основа на закон.[22] Нотарите се самостојни и независни носители на таа служба.[23] **Втората** разлика е во поглед на актот во кој се составува тестаментот. Судскиот тестамент се составува во форма на **записник**.[24] Согласно ЗВП „за дејствијата извршени во вонпарничната постапка се составува записник".[25] Во таа смисла, „тестаментот по кажување на завештателот на записник го составува судија".[26] За разлика од судскиот, нотарскиот тестамент го составува нотарот во форма на нотарски акт,[27] согласно правилата предвидени во Законот за нотаријат и ЗВП.

**Трета** разлика е фактот што за составување судски тестамент процедурата е посложена. Имено, завештателот мора согласно ЗВП да поднесе предлог за составување судски тестамент во писмена форма.[28] Ретки се случаите кога предлогот завештателот го дава усно на записник. Врз основа на доставениот предлог, судот закажува рочиште за што писмено го известува завештателот. Постапката за составување нотарски тестамент е многу поедноставна. За составување нотарски

---

[20] Љиљана Спировиќ-Трпеновска, **op. cit.,** стр. 155.

[21] Организацијата на судовите е уредена со Законот за судовите „Службен весник на Република Македонија" бр. 58/06, 35/08 и 150/10.

[22] Поопширно за ова види кај Арсен Јаневски, „Нотарската дејност и карактерот на постапките коишто се водат пред нотарот" **Нотариус,** Нотарска комора на Република Македонија, бр. 29, стр. 7-31.

[23] Повеќе за нотарот и нотарската служба види чл. 3 од Законот за нотаријатот.

[24] „Записникот за преземените дејствија го потпишуваат лицата кои ги преземаат дејствијата, учесниците во постапката, записничарот и лицата определени со овој закон, ако со овој закон поинаку не е определено." Чл. 20 ст. 4 од ЗВП.

[25] Чл. 20 ст. 1 од ЗВП.

[26] Чл. 253 од ЗВП.

[27] За составувањето и содржината на нотарскиот акт види чл. 54 и чл. 65 од Закон за нотаријатот.

[28] Види чл. 9 ст. 1 од ЗВП.

тестамент не е потребно завештателот да поднесе предлог во писмена форма, ниту пак усно на записник кај нотарот. Доволно е завештателот само да пристапи кај нотарот и од него усмено да побара составување нотарски тестамент. Ако нотарот нема закажани обврски, може веднаш да пристапи кон составување на нотарскиот тестамент, што не е случај со судскиот тестамент. Поедноставната процедура и флексибилноста на нотарот го прави нотарскиот тестамент подостапен за граѓаните.

**Четврта** суштествена разлика, **differentia specificae,** на нотарскиот тестамент во однос на судскиот тестамент, произлегува од формата што ја бара нотарскиот акт. Тоа е **задолжителното присуство на двајца сведоци,** без разлика дали завештателот е писмен или неписмен![29] Во ЗН е предвидена посебна одредба за составување судски тестамент ако завештателот не е во состојба да го прочита. Во случај кога завештателот не е во состојба да го прочита тестаментот што му го составил судијата, овој ќе му го прочита на завештателот во присуство на <u>двајца сведоци</u>, па тогаш завештателот во присуство на истите сведоци ќе го потпише тестаментот или ќе стави на него свој ракознак, откога ќе изјави дека тоа е негов тестамент.[30] За разлика од ЗН, во ЗВП е предвидено дека: „При составување на судскиот тестамент присуствуваат <u>најмалку двајца сведоци</u> (што значи може да бидат и повеќе А.Р.) ако завештателот е слеп, **неписмен,** или не го познава јазикот кој е во службена употреба во судот, или пак не е во состојба од кои и да било причини да го прочита тестаментот“.[31] Доколку завештателот е писмен, тогаш во постапката за составување судски тестамент законодавецот не бара учество на тестаментални сведоци.[32] Во ваков случај, во постапката за составување судски тестамент учествуваат завештателот, судијата и записничарот.

**Петтата** разлика се однесува во поглед на учеството на одредени учесници. Во постапката за составување судски тестамент, задолжително учествува, покрај завештателот и судијата, **записничар.** Во постапката за составување нотарски тестамент не учествува записничар! Нотарот самиот ја пишува изјавата на последната волја на завештателот. Возможно е на нотарот, при пишувањето на тестаментот на компјутер, да му помага одредено лице кое е вработено во нотарската канцеларија, но сепак само нотарот е тој којшто според кажувањето на завештателот ја составува последната изјава на волјата и се потпишува во тестаментот, заедно со завештателот и двајцата сведоците.

[29] „При составување нотарски акт се потребни двајца сведоци. Чл. 59 ст. 1 од Закон за нотаријатот.

[30] Чл. 68 од ЗН.

[31] Чл. 255 ст. 1 од ЗВП.

[32] Види чл. 67 од ЗН и чл. 253 од ЗВП.

**Шестата** разлика се однесува на сведоците на тестаментот. Кај нотарскиот тестамент, освен одредбите кои се однесуваат за сведоци кај судскиот тестамент пропишани со ЗН,[33] се применуваат и дополнителни одредби кои произлегуваат од формата на нотарскиот акт. Во таа смисла, Законот за нотаријатот предвидува дека сведоците на идентитетот **мора да бидат лица кои лично го познаваат учесникот** (завештателот А.Р.), а чиј идентитет нотарот ќе го утврди врз основа на важечка лична карта или патна исправа.[34] Освен ова, предвидени се и други услови кои сведоците на нотарскиот тестамент треба да ги исполнат.[35] Во Законот за нотаријатот е предвидена и изречна одреба според која „ако со законот поинаку не е определено, сведоците на актот мора да бидат присутни во моментот кога нотарот им го чита на учесниците нотарскиот акт и кога тие го потпишуваат".[36] За разлика од правилата за судскиот тестамент, во Законот за нотаријатот е предвидена изречна одредба според која „сведок на идентитет може да биде и сведок на акт".[37] ПРосебни и темелни одредби, исто така, се предвидени кога како учесници се јавуваат не/писмени глуви, неми и глувонеми, како и преведувачи.[38]

Најпосле, **седма** разлика на нотарскиот, наспроти судскиот тестамент,[39] е фактот што ако нотарскиот тестамент е составен кај нотар на чие подрачје завештателот нема живеалиште, нотарот нема обврска да го извести судот или нотарот на чие подрачје завештателот има живеалиште.  Ова, меѓу другото, беше причината поради која, неодамна, во нашето законодавство беше воведен Регистарот на тестаменти, за чие водење е надлежна Нотарската комора на Република Македонија. За потребата од негово воведување науката се залагаше со години на-

[33] „При составувањето судски тестамент можат да бидат сведоци полнолетни лица на кои не им е одземена деловната способности кои знаат да читаат и пишуваат, а го разбираат јазикот на кој е составен тестаментот. Не можат да бидат сведоци при составувањето судски тестамент, ниту тестаментот да го состават по кажување на завештателот во својство на судија: потомците на завештателот, неговите посвоеници и нивните потомци, неговите предци и посвоители, неговите роднини во странична линија до четвртиот степен заклучно со брачните другари на сите овие лица и брачниот другар на завештателот." Чл. 70 од ЗН.
„При составувањето судски тестамент присуствуваат најмалку двајца сведоци ако завештателот е слеп, неписмен или не го познава ј азикот кој е во службена употреба во судот, или пак не е во состојба од кои и да било причини да го прочита тестаментот.
Идентитетот на сведоците од ставот 1 на овој член, судијата, ако не ги познава лично, ќе го утврди со исправа издадена од надлежен орган." Чл. 255 од ЗВП.

[34] Чл. 58 ст. 1 од Закон за нотаријатот.

[35] „(1) Сведок на составување на нотарскиот акт мора да биде полнолетно лице кои знае да чита и пишува и кое го знае службениот јазик на кој се составува актот. (2) Сведок на составување на нотарскиот акт не може да биде лице кое: а) не може да сведочи поради нарушена душевна и телесна состојба; б) е вработено во нотарската канцеларија; в) може да има некоја корист од работата при чие составување сведочел; и г) со учесникот или со оној кој со нотарскиот акт би требало да добие некоја корист, или самиот нотар е во однос поради кој може да се бара изземање на нотарот." Чл. 60, Ibid..

[36] Чл. 61, Ibid.

[37] Чл. 58 ст. 2 од Законот за нотаријатот.

[38] Види чл. 64, Ibid.

[39] Види чл. 264 од ЗВП.

назад.[40] Тоа е една од првите реформи која законодавецот ја прифати во сферата на наследувањето. И покрај тоа што Регистарот на тестаменти беше воведен со Законот за нотаријатот од 2016 година, тој сѐ уште не заживеа во практиката, поради недонесувањето на подзаконските прописи за неговата практична примена!

Имајќи ги предвид погорепосочените разлики, можеме да заклучиме дека формата на нотарскиот акт го прави тестаментот составен од страна на нотарот - нотарскиот тестамент институт **sui generis**. Тој има свои специфичности по кои се разликува од судскиот тестамент, поради што нотарскиот тестамент треба своето место, како посебна форма, да го најде во рамките на одредбите од Законот за наследувањето, заедно со другите форми на тестаменти. Во таа смисла, законодавецот треба да предвиди посебен член насловен како „отарски тестамент", кој ќе содржи одредба според која: „Нотарски тестамент според кажување на завештателот составува нотарот во форма на нотарски акт во присуство на двајца сведоци". Ваквата измена наметнува потреба од промени и во рамките на Законот за нотаријатот, во кој секаде каде што се користи терминот тестамент, треба да се дополни со терминот „нотарски".

## 2. НОТАРСКИОТ ТЕСТАМЕНТ ВО СПОРЕДБЕНОТО ПРАВО

Нотарскиот тестамент во споредбеното право е широкоприфатен.[41] Тој е една од најчесто практикуваните форми на тестамент. Во однос на неговото правно уредување, освен во поглед на надлежноста на нотарот, не постојат униформни и единствени правни правила. Додека во одредени наследноправни системи се користи изрично терминот **нотарски тестамент,** во други се користи терминот **јавен тестамент** или **тестамент составен од нотарот.** Разлики постојат и во однос на учесниците кои учествуваат во неговото составување. Во одредени законодавства е можно составување нотарски тестамент и без присуство на сведоци (Германија, Холандија, Шпанија, Русија, Полска, Србија). Во други, се бара присуство на двајца сведоци (Бугарија, Италија, Турција, Чешка), три сведоци (Грција) или наместо сведоци, учество на

[40] Повеќе за ова да се види кај: Љиљана Спировиќ-Трпеновска, Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, Наследното право во Република Македонија...; Љиљана СпировиќТрпеновска, Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, Наследувањето во Европа...; Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, Реформата на наследното право во Република Македонија, Стоби трејд, Скопје, 2016. Dejan Micković, Angel Ristov, „Kodifikacija naslednog prava u Republici Makedoniji", Pravni život, Udruženje pravnika Republike Srbije, 2013.

[41] Поопширно за ова види кај: Дејан Мицковиќ. Ангел Ристов, Закон за наследувањето, Стоби трејд, Скопје, 2015; Љиљана Спировиќ-Трпеновска, Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, Наследното право во Република Македонија, Културна установа „Блесок", Скопје, 2010; Љиљана Спировиќ-Трпеновска, Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, Наследувањето во Европа, Културна установа „Блесок", Скопје, 2011.

уште еден нотар (Белгија, Франција).[42] Освен овие разлики, во одредени законодавства (Германија, Франција, Грција, Шпанија, Италија, Русија), нотарскиот тестамент е прифатен во неговите две варијанти: 1) тестамент составен од нотарот по кажувањето на завештателот во форма на нотарски акт; и 2) таен тестамент за кој завештетелот пред нотарот изјавува дека е тоа неговата последна изјава на волја.

Во францускoто право[43] јавниот тестамент се составува во присуство на двајца нотари или еден нотар и двајца сведоци, во согласност со изјавената волја на тестаторот.[44] Тоа е единствената форма на тестамент која можат да ја состават лица кои не можат да пишуваат или да го потпишат тестаментот.[45] Сведоци на јавниот тестамент можат да бидат само државјани на Франција кои се полнолетни и на кои не им е одземена или ограничена деловната способност (чл. 476 од **Code civil**). Мажот и жената не можат да бидат сведоци на ист тестамент. Сведоците треба да бидат писмени и способни да се потпишат. Во одредбите на чл. 975 од **Code civil** е предвидено дека ниту легатарите ниту нивните родители или роднини до четврти степен на сродство не можат да бидат сведоци. Тоа се однесува и на службениците кои помагаат при реализацијата на тестаментот.[46] Карактеристично за оваа форма на тестамент е строгата формалност при неговото составување, која пак од друга страна резултира со понеформални правила при реализацијата на тестаментот, бидејќи не се бара потврдување на неговата полноважност од судот. Тајниот тестамент многу поретко се применува во практиката. Станува збор за тестамент кој откако тестаторот го составил (своерачно или напишан на машина), го доставува запечатен на нотарот во присуство на двајца сведоци (чл. 976 **Code civil**). Потоа, нотарот мора да напише изјава на пликот во кој е запечатен тестаментот со која потврдува, според изјавата на тестаторот, што содржи запечатениот плик кој тој или друг го направил и формата на пишување која ја користел при составувањето на тестаментот.

Во белгиското право јавниот тестамент се составува по кажување на завештателот во присуство на нотарот и двајца сведоци или двајца нотари.[47] Сведоците треба да бидат деловно способни, писмени и да не се во блиска роднинска врска со завештателот. Откако ќе биде составен, тестаментот треба да биде прочитан од страна на нотарот и пот-

[42] Повеќе за ова да се види кај: Louis Garb, International Succession, Kluwer Law International, 2004.

[43] Поопширно види кај: Guéval Didier, Successions Libéralités, Éditions Dalloz, Armand Colin, Paris, 1999.

[44] Чл. 971 et alt. Code civil.

[45] Ibidem.

[46] Ibid, стр. 226.

[47] Ibid, стр. 49.

пишан од завештателот, нотарот и двајцата сведоци.[48] Во германското право[49] јавниот тестамент, односно тестамент составен во форма на јавна исправа, може да биде составен на два начина.[50] Првиот начин е со давање на последната изјава на волјата на тестаторот пред нотар. Вториот е со доставување писмен документ за кој тестаторот пред нотарот потврдува дека тоа е неговата последната волја. Притоа, тестаторот може писменото кое ја содржи неговата последна волја, освен во отворен, да го достави и во запечатен плик, додека писменото може да биде напишано од самиот тестатор или од некое друго лице.[51] Шпанското право, исто така, го предвидува јавниот тестамент. Тој се составува пред нотар, откако тестаторот својата писмено напишана изјава на последна волја ќе ја потврди пред него.[52] Во Шпанија тој претставува најчеста форма на тестамент која се применува во практиката. Кај овој тестамент не се предвидува присуство на сведоци при неговото составување, освен во случај кога тестаторот не може да се потпише, кога е слеп или неписмен или на барање на тестаторот или нотарот (чл. 697 **Código civil).**[53] Вториот облик на тестамент во кој учества нотарот е тајниот тестамент. Тој може да биде составен од самиот тестатор, кој треба да ги парафира сите листови и на крајот да го потпише тестаментот, или пак од трето лице, на барање од страна на тестаторот. Во овој случај, писменото треба да ги содржи датумот и местото на составување на тестаментот, притоа секој лист треба да биде потпишан од страна на тестаторот. Затворениот плик, во кој е ставен тестаментот, запечатен се депонира кај нотар, кој треба да го прими во присуство на пет сведоци. Нотарот го означува на пликот идентитетот на тестаторот и на сведоците и ги заведува нивните потписи. Тајниот тестамент може да го чува самиот тестатор, нотарот или пак друго лице. По смртта на тестаторот, овој тестамент треба да биде доставен на судијата во рок од десет дена. Притоа, во однос на оваа обврска депозитарот одговара и за невниманието. Според **Código civil**[54]**,** забранети се одредбите со кои на депозитарот му се остава одредена имотна корист со тестаментот. Оваа форма на тестамент мошне ретко се применува во практиката.

Јавниот тестамент **(testamento publico)** е уреден и во италијанско-

[48] Ibidem.

[49] Gottwald Peter, Schwab Dieter, Büttner Eva, Family and Succession Law in Germany, Kluwer Law International, Wolters Luwer, 2001

[50] Види повеќе за ова кај: Љиљана Спировиќ-Трпеновска, Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, Наследувањето во Европа, „Блесок“, Скопје, 2011, стр. 279.

[51] Ibidem.

[52] Види повеќе кај Lapuente Cámara Sergio, „New Developments in the Spanish Law of Succession“ InDret revista para el analisis del derecho, Barcelona, 2007.

[53] Marie-Hélène Place, Patrick Cauchois le Mière, Guide pratique de la transmission du patrimoin en Europe, Editions, Litec, Paris, 1993, стр. 285.

[54] Código civil, Segunda Edición, Textos Legales Universitarios, Madrid, 2000.

то право.[55] Тој може да биде во составен во форма на нотарски акт или да биде таен јавен тестамент. Јавниот тестамент во форма на нотарски акт, нотарот го составува по кажување на тестаторот во присуство на двајца сведоци (чл. 603 **Codice civile**).[56] Тајниот тестамент (**testamento secreto**), познат уште како мистичен тестамент, може да биде напишан лично од самиот тестатор или од трето лице. Во последниот случај, тестаторот треба да го стави својот потпис на секоја страница. Тестаментот или пликот кој го содржи тестаментот треба да биде доставен затворен. Нотарот го става ваквиот тестамент во посебен плик, ставајќи печат и нотарски жиг. Притоа, се составува акт за депонирање на кој треба да се стават потписите на тестаторот и двајцата сведоци. Законот за нотаријатот предвидува дека тестаменталните сведоци мора да бидат полнолетни, без разлика дали се италијански државјани или странци кои имаат живеалиште во Италија. Како неспособни да се јават во својството на тестаментални сведоци, законот ги предвидува: слепите лица, глувите и глувонемите, неписмените лица, роднините на нотарот, брачниот другар на тестаторот, роднините во права линија и роднините во странична линија до трети степен на сродство. Треба да се напомене дека италијанското право предвидува одредби според кои во случај тајниот тестамент да биде прогласен за ништовен, поради недостиг на предвидените услови за неговата форма, тогаш истиот ќе се смета како своерачен тестамент **(testament olographe).** Нотарот треба да го проследи отворањето и прогласувањето (публикацијата) на тестаментот за оние лица-тестатори за кои дознал дека починале.

Во руското право специфично е тоа што сите тестаменти подлежат на задолжителна нотарска заверка.[57] Тестаментот мора да биде составен во писмена форма и да биде потврден од страна на нотарот.[58] Потврдувањето на тестаментите од страна на други лица е допуштено само во одредени случаи предвидени со Граѓанскиот кодекс. Непочитувањето на ова општо правило, за писмената форма на тестаментот и неговото потврдување, предизвикуваат неважност на тестаментот.[59] Исклучок од ова општо правило претставува можноста тестаментот да биде составен во обична писмена форма, меѓутоа само во случаите определени со законот.[60] Прашањата поврзани со нотарското потврдување на тестаментите, меѓу другите работи, се уредени со „Основи-

---

[55] Palazzo Antionio, Le succession. Introduzione al diritto successorio. Instituti comuni alle categorie successorie. Successione legale, Giuffrè, 2000.

[56] Marie-Hélène Place, Patrick Cauchois le Mière, op. cit., стр. 289.

[57] Повеќе види кај Г.Г. Черемных, Наследственное право учебник, Российская академия, адвокатуры и нотариата, Москва, 2009.

[58] Ibid.

[59] Ibid.

[60] Чл. 1129 Граѓански кодекс на Руската Федерација.

те на законодавството на Руската Федерација за нотаријатот" од 1993 година. Нотаријалното потврдување на тестаментот треба да биде напишано од тестаторот или запишано по негово кажување од страна на нотарот. Притоа, дозволено е да се користат технички средства (компјутер, машина за пишување и др.). Во постапката за потврдување на тестаментот нотарот треба да ги преземе следниве дејствија: 1) утврдување на деловната способност на тестаторот; 2) анализа на текстот на тестаментот соодветно на принципот на слобода на тестирање на тестаторот; 3) појаснување на смислата и значењето на тестаментот на тестаторот; 4) проверка дали содржината на тестаментот соодветствува согласно условите предвидени со законот; и 5) сопствено потврдување на тестаментот – ставање написи за потврдување.[61]

Во тестаментот, според општите правила за тестаменталното наследување, треба да бидат назначени и датумот и местото на составувањето на тестаментот, освен при составувањето на тајниот тестамент (чл.1126). Како факултативен елемент, за зголемување на сигурноста на тестаментот, руското наследно право предвидува можност по волја на тестаторот при составувањето на тестаментот да може да присуствуваат и сведоци. Во случај сведоците да учествуваат во постапката за составувањето и потврдувањето на тестаментот, тие треба да се потпишат на тестаментот, во кој ќе бидат наведени нивните генералии и документот врз основа на кој е утврден идентитетот. Новина во руското наследно право претставува можноста за составување затворен (таен) тестамент. Согласно одредбите на Граѓанскиот кодекс, тестаторот може да состави тестамент, не претставувајќи ја неговата содржина пред други лица и пред нотарот.[62]

[61] Значајно е да се напомене дека нотарот при потврдувањето на тестаментот е должен да му го објасни на тестаторот значењето на институтот задолжителен дел од наследството и да состави документ дека ова дејствие е направено. Понатаму нотарот, исто така, е должен да ги предупреди сведоците и лицето кое го потпишало тестаментот наместо тестаторот, за зачувување на тајноста на тестаментот. Тестаментот напишан од страна на нотарот по кажување на тестаторот треба да биде во целост прочитан од тестаторот, а по неговото одобрување, и потпишан од негова страна. Во случај тестаторот да не е во можност да го прочита, тогаш тоа го прави нотарот, при што треба во тестаментот да ги наведе причините поради кои тестаторот не бил во можност самиот да го прочита тестаментот. Најпосле тестаментот треба да биде потпишан лично од тестаторот. Исклучок од ова правило постои кога тестаторот има физички недостатоци, кога е неписмен или боледува од тешка болест, тогаш тестаторот може да го потпише друго лице во присуство на нотарот. Притоа, во тестаментот треба да бидат наведени причините поради кои тестаторот не можел сам да го потпише тестаментот, како и личните податоци на лицето кое наместо тестаторот, го потпишало тестаментот, како и документот со кој е утврден неговиот идентитет.

[62] Тој треба да биде целосно напишан и потпишан своерачно од тестаторот. Во спротивно, нема да биде полноважен. Затворениот (тајниот) тестамент во затворен плик тестаторот го предава на нотарот во присуство на две лица кои се потпишуваат на пликот. Ваквиот тестамент се запечатува во друг плик од страна на нотарот, кој става напис со податоци за тестаторот, место и датум на приемот на тестаментот, генералии на сведоците и документите со кои е утврден идентитетот. При приемот на писменото, нотарот е должен да му појасни на тестаторот дека тестаментот треба да биде своерачно напишан и потпишан за да предизвика полноважно правно дејство. По доставувањето на исправата (доказот) за смртта на тестаторот, нотарот е должен во рок од 15 дена да го отвори затворениот коверт со тестаментот. Во присуство на најмалку двајца сведоци и заинтересирани лица, нотарот ја прогласува содржината на тестаментот, составувајќи протокол на кој се потпишуваат и сведоците. На наследниците им се издава заверена копија од протоколот.

Јавниот тестамент е предвиден и во Граѓанскиот законик[63] на Грција во кој е предвидено дека: „јавен тестамент ќе биде составен од тестаторот декларирајќи го неговиот тестамент пред нотар во присуство на тројца сведоци или втор нотар и еден сведок“. [64] Нотарскиот тестамент е предвиден и во бугарското право право.[65] Во градовите каде што нема нотар, овој тестамент го составува судија надлежен за впишувањата на реонскиот суд.[66] Нотарскиот тестамент претставува еден од најчесто практикуваните форми на тестамент во Бугарија, кој се составува пред нотар во присуство на двајца сведоци.[67] Во унгарското право јавниот тестамент може да биде составен во суд или кај нотар.[68] Кога јавниот тестамент се составува кај нотар, тој се прави во форма на нотарски акт.[69] Во швајцарското право тестамент во форма на јавна исправа се составува во присуство на двајца сведоци пред јавно овластено лице, нотар или пред лице овластено спред кантоналното право.[70] Во украинското право, исто како и во руското право, тестаментите подлежат на задолжителна потврда на нотарот.[71] Нотарот го потврдува тестаментот составен од завештателот рачно или со помош на технички средства.[72] По барање на тестаторот, нотарот може да состави тестамент по кажување на завештателот рачно или со користење технички средства.[73] Во ваков случај тестаментот ќе биде прочитан на глас и потпишан од завештателот.[74] Во грузискиот граѓански законик нотарскиот тестамент е составен од страна нотарот по кажување на тестаторот во присуство на двајца сведоци.[75] Притоа, може да биде користено општо прифатено техничко средство.[76] Тестаторот ќе го прочита тестаментот составен од страна на нотарот и ќе го потпише во присуство на нотарот и сведоците.[77] Нотарскиот тестамент е уреден

[63] **Greek Civil Code,** Translation by Constantin Taliadoros, Athens, 2000.

[64] Член 1724 од Граѓанскиот закон на Грција.

[65] Христо Тасев, **Българско наследствено право, осмо издание,** Нова редакција, Георги Петканов, Симеон Тасев, Сиела, София, 2006, стр. 62-65.

[66] **Ibid,** стр.63.

[67] **Ibidem.** За ова види кај: Марков Методи, **Семейпо и наследствено право,** Сиби, София, 2009; Цанка Цанкова, **Завещанието в Българското наследствено право,** Фенея, София, 1995.

[68] Чл. 625 ал. 1 Унгарски граѓански законик.

[69] Чл. 626 **Ibidem.**

[70] Чл. 499 Швајцарски граѓански законик.

[71] Чл. 1248 Граѓански законик на Украина.

[72] Чл. 1248 ст. 1, **Ibidem.**

[73] Чл. 1248 ст. 2, **Ibidem.**

[74] **Ibidem.**

[75] Чл. 1358 ст. 1, Граѓански законик на Грузија.

[76] **Ibidem.**

[77] Чл. 1358 ст. 2, **Ibid.**

и во кинеското право,[78] јапонското право,[79] аргентинското право,[80] бразилското право,[81] правото на Квебек,[82] мексиканското право,[83] холандското право,[84] португалското право,[85] панамското право,[86] тајванското право,[87] турското право,[88] правото на Венецуела[89] и др.

Нотарскиот тестамент е застапен и во државите од поранешните југословенски простори. Во хрватското право под поимот јавен тестамент се подведени сите форми на тестаменти во чие составување учествува надлежен државен орган. Во таа смисла, „јавен тестамент на барање на завештателот во Република Хрватска составуваат судија на општинскиот суд, судски советник во општинскиот суд или нотар, а во странство конзуларен, односно дипломатско-конзуларен претставник на Република Хрватска“ (чл. 32 ст. 2).[90] Новиот Закон за наследување на Црна Гора од 2008 година, можноста нотарот да состави тестамент по кажување на завештателот ја уредува во рамките на одредбите за судскиот тестамент.[91] Во таа смисла законот предвидува дека „тестамент на завештателот може по негово кажување да му состави судија во основен суд, односно нотар согласно правилата на вонпарничната постапка“ (чл. 69 ст. 1).[92] Новиот Закон за наследување[93] на Република Српска од 2009 година, формата на нотарскиот тестамент ја предвидува во посебна одредба од законот. Согласно законските одредби: „(1) Тестамент на завештателот може да му состави нотар; (2) Нотарот тестаментот ќе го состави во согласност со одредбите од овој закон кои се однесуваат на судскиот тестамент, ако со законот за нотарите не е поинаку регулирано“ (чл. 72). Јавнобележничкиот (нотарскиот) тестамент е уреден и во наследното право на Србија.[94] Согласно одредбите од За-

[78] Чл. 1191, Кинески граѓански законик.

[79] Чл. 969, Јапонски граѓански законик.

[80] Чл. 3654, Аргентински граѓански законик.

[81] Чл.1864-1867 Бразилски граѓански законик.

[82] Види кај: Louis Garb, **op. cit.,** стр. 126.

[83] Види кај: Louis Garb, **op. cit.,** стр. 419.

[84] Чл. 4:94 Холандски граѓански законик.

[85] Чл. 225 Португалски граѓански законик.

[86] **Ibid,** стр. 472.

[87] **Ibid,** стр. 595.

[88] **Ibid,** стр. 612.

[89] **Ibid,** стр. 652.

[90] Klarić Petar, Vedriš Martin, **Građansko pravo, Opći dio, stvarno pravo, obvezno i nasljedno pravo, X izdanje,** Narodne Novine, 2006

[91] Kadić Ljiljana, „Osvrt Predlog Zakona o nasleđivanju Crne Gore“ **Zbornik Pravnog fakulteta u Podgorici, In memoriam prof. d-r Branislav Tomković,** br. 38, Podgorica, 2008

[92] Повеќе види кај Velibor Korać, „Doprinos notara sigurnosti pravnog prometa“ **Охридска школа на правото 2017 - Правната несигурност како клучен фактор за владеење на правото во современите општества,** бр. 5, Iuridica Prima, 2018.

[93] „Službeni glasnik“ 1/2009.

[94] Повеќе види кај Дејан Б. Ђурђевић, Институције наследног права, Правни факултет, Номос, Београд, 2017.

конот за нотаријатот, јавнобележнички тестамент составува јавниот бележник по кажување на завештателот во облик на јавнобележнички запис (чл. 111а).[95]

## ЗАКЛУЧОК

Од направената анализа на важечкото законодавство, можеме да констатираме дека формата „нотарски“ тестамент изрично не постои во нашето наследно право. Законодавецот говори за тестамент составен од нотарот според правилата за судски тестамент, а од друга страна, ваквиот тестамент се составува во форма на нотарски акт според правилата на нотаријатот. Токму според формата на нотарскиот акт во кој се составува овој вид тестамент од страна на нотарот се разликува од судскиот тестамент. Формата на нотарскиот акт налага потреба од задолжително присуство на двајца сведоци во сите околности. При составувањето на судскиот тестамент, сведоци не се потребни кога завештетелот е писмен. Ова укажува дека степенот на формалност и правна сигурност е поголем при составувањето на нотарскиот тестамент, за разлика од судскиот. Од овие причини, неопходно е законодавецот да го именува ваквиот тестамент како „нотарски тестамент“ и истиот подробно да го уреди.

Во споредбеното право формата на нотарскиот тестамент е прифатена во голем број законодавства и постојат различни решенија во поглед на неговото уредување. Со оглед на тоа што е во тек процесот на кодификација на граѓанското право, преку изготвувањето граѓански законик, сега е вистинскиот момент да се воведе и подробно да се уреди формата на нотарскиот тестамент во двете негови варијанти, како тестамент во форма на нотарски акт и како таен тестамент. Со ова би се проширила автономијата на волјата во рамките на тестаменталното наследување, а граѓаните би добиле поголем избор во однос на формите на редовни тестаменти.

Со оглед на досегашните сознанија за широката прифатеност на нотарскиот тестамент во практиката, за разлика од судскиот тестамент, во иднина може да се очекува дека формата на нотарскиот тестамент сè повеќе ќе биде прифатена од страна на граѓаните. Причина повеќе за ваквото очекување е фактот дека нотарскиот тестамент во нашето право, за разлика од другите законодавства, бара поедноставна форма. Во таа насока, сметаме дека е неопходно во престојната реформа на наследното право нотарскиот тестамент темелно да се уреди во на-

[95] За надлежностите на нотарите во  наследувањето види кај Новак Крстић, „Спровођење оставинскот поступка од стране јавног бележника у праву Републике Србије“, Охридска школа на правото 2017 - Правната несигурност како клучен фактор за владеење на правото во современите општества, бр. 5, Iuridica Prima, 2018

следноправната регулатива. Со уредувањето на нотарскиот тестамент во Граѓанскиот законик на Република Македонија, ќе биде коригиран повеќедеценискиот пропуст на законодавецот во однос на посебноста на овој вид тестамент. Дотогаш потребно е законодавецот овој тестамент подробно да го уреди во Законот за наследувањето или во Законот за нотаријатот. Јасното предвидување и уредување на спецификите на нотарскиот тестамент ќе обезбеди поголема информираност на граѓаните за постоењето на нотарскиот тестамент. Ваквото решение ќе придонесе за постигнување поголема систематичност и целовитост на Граѓанскиот законик, што треба да биде една од неговите основни карактеристики.

# Глава IV

# СТРУЧНИ МАТЕРИЈАЛИ ОД НОТАРСКО РАБОТЕЊЕ

Стручниот совет на Нотарската комора на РМ, во согласност со член 19 од Правилникот за работа на Стручниот совет на НКРМ, на седницата одржана на ден 02.06.2016 година го донесе и Управниот одбор на Нотарската комора на РМ на седницата одржана на ден 10.06.2017 година го усвои следниот

# ЗАКЛУЧОК
## за издвојување дел од оставина

1. Според одредбите на член 120 од ЗВП во постапка за расправање оставина, нотарот како повереник на судот, ги утврдува наследниците на умрениот, имотот кој ја сочинува неговата оставина и правата од оставината што им припаѓаат на наследниците, легатарите и на други лица.

2. Во текот на оставинската постапка учесниците може да бараат да им се издвојат делови од имот што влегува во оставинската маса, и тоа преживеаниот брачен другар и лицата кои со оставителот биле во трајна заедница, член 175 став 1 и 2 и член 173 став 2 алинеја 2 од ЗВП.

3. Кога преживеаниот брачен другар на оставителот бара да му се издвои една половина идеален дел од недвижниот имот запишан во имотен лист, постојат две ситуации:

а) ако во имотниот лист се запишани двајца брачни другари, тоа е нивни заеднички имот и се дели на еднакви делови. Доколку барањето на брачниот другар се однесува на утврдување на дел од заедничкиот имот каде што е и тој запишан, а другите учесници тоа не го спорат, тогаш нотарот ќе го уважи барањето, односно ќе утврди идеален дел од заедничкиот имот;

б) ако во имотниот лист како сопственик е запишан само едниот од брачните другари, во случајот оставителот, ќе се смета дека уписот е извршен на двајцата.

Вакво решение за правото на брачните другари за имотот стекнат во текот на бракот е уредено во одредбите на членовите 67, 69 и 75 од ЗСДСП.

4. При поставување на барање за издвојување дел од недвижниот имот, преживеаниот брачен другар треба да го каже основот на стекнување, точно да означи за кој имот се работи, и тоа бројот на КП, локацијата, квадратурата, културата и др. Овие податоци ќе овозможат нотарот да има сигурен увид во приложените докази и учесниците во постапката ќе можат да се изменат по барањето.

Ако сите наследници во постапката изјавиле дека не го оспоруваат барањето на брачната другарка за издвојување дел од имотот од оставината, нотарот ќе донесе решение со кое ќе се издвои делот.

Со оставинско решение ќе се расправа неспорна оставина на законските наследници на идеални делови што им припаѓаат.

5. Ако меѓу наследниците во постапката настане спор за барањето за издвојување дел од имотот на оставителот и големината, односно спор за факти, нотарот ќе го прекине расправањето на оставината и учесниците ќе ги упати да поведат парнична постапка чие право се смета за помалку веројатно и ќе одреди рок во кој треба да се поведе постапка, во согласност со член 176 од ЗВП.

6. Во согласност со член 87 од ЗСДСП, по правосилноста на решението за наследување, на користењето и располагањето на наследството кое физички не е поделено меѓу наследниците се применуваат прописите на имотното право за односите меѓу сосопствениците.

**Образложение**

1. Поводот за усвојување на заклучокот за издвојување дел на имот од оставината на оставителот произлезе од нотарската и судската практика по ова правно прашање.

Имено, на нотарот му бил доверен предмет да спроведе оставинска постапка по смртта на декујусот. Како наследници се јавиле сопругата и ќерките. Оставителот имал недвижен имот запишан во повеќе имотни листови во различни катастарски општини.

Во текот на оставинската постапка брачната другарка на декујусот побарала да се издвои дел од оставината кој бил стекнат во бракот и во имотните листови бил запишан на двајцата. На записникот што го составил нотарот била забележана изјавата на брачната другарка и појаснила во кои имотни листови и во која катастарска општина се наоѓаат недвижностите за кои се бара издвојување на тој дел. Со оглед дека наследниците не го оспориле фактот дека имотот бил стекнат во бракот, постоел правниот основ за усвојување на барањето.

2. Нотарот донел решение со кое под став I издвоил ½ идеален дел од имотот стекнат во бракот запишан во имотните листови, а под став II во диспозитивот за законски наследници на оставината ги огласил сопругата и ќерките на идеални делови.

Меѓутоа, од страна на наследничките бил поднесен приговор против решението, со образложение дека било погрешно наведено за кој недвижен имот точно е барано да се издвои дел од оставината.

Основниот суд Скопје II со решение 01 бр. 19/15 го усвоил приговорот, го укинал донесеното решение и предметот го вратил на повторно постапување и одлучување од нотарот. Констатирано е дека нотарот не утврдил за кои недвижности запишани во имотните листови е барано издвојување дел, а за кои не е барано и дали се стекнати во брачна заедница, туку децидно е наведено дека оставината е од неопределен дел.

3. Наведениот пример укажува дека при спроведување на оставинска постапка треба да се применуваат прописите што ја уредуваат оваа материја, како што се наведени во заклучокот. Наследувањето е правна установа со чија помош се пренесуваат правата од еден субјект во случај на неговата смрт на друг субјект. Тие преносни права главно се имотните, додека личните права се гасат со смртта на неговиот титулар.

Основни правила при расправање оставина се:

а) да се утврдат наследниците на умрениот;

б) да се утврди имотот кој ја сочинува оставината што им припаѓа на наследниците, легаторите и други лица;

в) да се заштитат и остварат правата на наследниците кои бараат издвојување дел од оставината.

Нужно е да се прецизира за кој дел од имотот е барањето и по кој основ (пример: имот стекнат во брак, живеење и стопанисување со оставината и слично).

Ако недвижниот имот е запишан во повеќе имотни листови и на повеќе катастарски општини, барателот за издвојување треба да прецизира во кои катастарски парцели се бара издвојување дел, месноста, големината и други податоци за одлучување. Овие показатели се потребни поради спроведување на правата во јавната книга на катастарот кои произлегуваат од наследното решение. Секое неточно забележување на имотот во решението ќе создава проблеми при реализацијата.

СТРУЧЕН СОВЕТ НА НКРМ
Претседател
Наџи Зеќири с.р.

Стручниот совет на Нотарската комора на РМ, во согласност со член 19 од Правилникот за работа на Стручниот совет на НКРМ, на седницата одржана на ден 31.08.2017 година го донесе и Управниот одбор на Нотарската комора на РМ на седницата одржана на ден 16.09.2017 година го усвои следниот

## З А К Л У Ч О К

1. По започнувањето со примена на Законот за нотаријатот од 1 јануари 2017 година, нотарите се должни во име и за сметка на странките сите нотарски исправи (нотарски акти и потврдени приватни исправи) и оставински решенија врз основа на кои се стекнува, престанува, пренесува или ограничува правото на сопственост или друго право на недвижност или правата за кои се водат јавни книги заедно со пријавите за запишување и доказот за платен надоместок, по електронски пат да ги достават до Агенцијата за катастарот на недвижностите и до друг надлежен орган, односно институција согласно со закон.

Оваа обврска на нотарите се темели врз член 12 став 10 и член 99 став 3 од Законот за нотаријатот и член 141 – в став 5 од Законот за катастарот на недвижностите според кој министерствата, органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, нотарите, извршителите и сите други субјекти со пренесени јавни овластувања сите исправи што ги донесуваат во постапките што ги водат согласно со закон, а кои содржат правен основ врз основа на кој се врши запишување/промени во катастарот на недвижностите, заедно со пријавите за запишување/промени, геодетскиот елаборат и доказот за платен надоместок се должни по електронски пат да ги доставуваат до Агенцијата.

2. За дејствијата кои нотарот ги презема заради запишување во јавни книги и регистри, по сила на закон или по барање на странка, на нотарот му припаѓа единствена награда во износ од 600,оо денари согласно член 55 став 1 од нотарската тарифа.

СТРУЧЕН СОВЕТ НА НКРМ
Претседател
нотар Златко Николовски с.р.

Стручниот совет на Нотарската комора на РМ, во согласност со член 19 од Правилникот за работа на Стручниот совет на НКРМ, на седницата одржана на ден 02.06.2016 година го донесе и Управниот одбор на Нотарската комора на РМ на седницата одржана на ден 03.12.2016 година го усвои следниот

## З А К Л У Ч О К

1. Државен орган, согласно со член 70 став 1 од ЗПП, нема странкарска способност да биде странка во постапката за донесување на решение за дозвола за извршување врз основа на веродостојна исправа, освен во случај ако со посебен закон не е утврдено дека има својство на правно лице(ова е така без оглед на тоа дали се јавува во својство на доверител или должник). Во ваков случај странкарската способност ја има Република Македонија, поради што во предлогот за дозвола за извршување врз основа на веродостојна исправа како доверител, односно должник треба да биде наведена Република Македонија и во продолжение државниот орган кој го засновал должничко-доверителскиот однос, без оглед на тоа под кое име истиот е регистриран во Централниот регистар на РМ.

2. Доколку во предлогот за донесување на решение за дозвола за извршување врз основа на веродостојна исправа е наведено само името на државниот орган, во таков случај во согласност со член 101 став 2 од ЗПП нотарот ќе побара доверителот во рок од 8 (осум) дена да го уреди предлогот за донесување на решение за дозвола за извршување врз основа на веродостојна исправа во смисла на точка 1 од заклучокот.

3. Ако во оставениот рок недостатокот биде исправен, нотарот предлогот за донесување на решение за дозвола за извршување заедно со прилозите и поднесокот ќе го достави до надлежниот Државен правобранител кој ги штити имотните права и интереси на Република Македонија и на државните органи основани со закон пред судовите и другите органи во земјата и во странство.

4. Доколку, пак, во оставениот рок не биде отстранет недостатокот во однос на странкарската способност на должникот, во таков случај ќе се смета дека предлогот е повлечен и нотарот на списот тоа само ќе го констатира и предметот ќе го архивира.

**О б р а з л о ж е н и е**

До Стручниот совет е поставено прашањето како да постапи нотарот во случај кога во предлогот за извршување врз основа на веродостојна исправа како должник е означена Република Македонија - Министерство за образование и наука, а тековната состојба, фактурите и договорот од кој произлегуваат фактурите гласат само на Министерството за образование и наука. Дали во ваков случај субјективитетот на должникот треба да се утврдува според предлогот за дозвола за извршување или според тековната состојба издадена од страна на Централниот регистар на РМ?

При донесувањето на заклучокот Стручниот совет се раководи од следното:

Според член 70 став 1 од ЗПП, странка во постапката може да биде секое физичко и правно лице.

Според член 95 став 1 од Уставот на РМ, државната управа ја сочинуваат министерствата и други органи на управата и организации утврдени со закон. Со член 5 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ" бр. 58/2000), утврдено е дека органите на државната управа можат да се основаат како министерства, други органи на државната управа и управни организации, при што за поодделни органи е утврдено дека имаат својство на правно лице. Според член 1 став 2 од Законот за судовите, судовите се самостојни и независни државни органи за кои не е утврдено дека имаат својство на правно лице. Република Македонија, општините и Градот Скопје својството на правно лице го имаат врз основа на одредбите од Уставот на РМ.

Поради наведеното, без оглед на тоа под кое име државниот орган е регистриран во Централниот регистар на РМ, во постапката за донесување на решение за дозвола за извршување во име на државниот орган странкарската способност ја има Република Македонија, освен во случај кога на државниот орган со закон му е признато својство на правно лице.

Точка 2 се темели врз член 101 ставови 2 и 5 од ЗПП и член 5 од Законот за државното правобранителство („Сл. весник на РМ" бр. 87/07).

СТРУЧЕН СОВЕТ НА НКРМ
Претседател
Наџи Зеќири с.р.

Стручниот совет на Нотарската комора на РМ, во согласност со член 19 од Правилникот за работа на Стручниот совет на НКРМ, на седницата одржана на ден 01.03.2017 година го донесе и Управниот одбор на Нотарската комора на РМ на седницата одржана на ден 04.11.2017 година го усвои следниот

# ЗАКЛУЧОК

## за практична примена на член 73 од Законот за нотаријатот – потврда на правосилност и извршност

Според член 73 став 1 од Законот за нотаријатот, нотарот по службена должност ќе стави потврда на правосилност на решението со кое е издаден нотарски платен налог, ако во рокот од член 72 став 2 од овој закон не прими приговор, а според став 2 ќе стави потврда на извршност на решението со кое е издаден нотарски платен налог, доколку истекол рокот за доброволно исполнување на обврската определена со решението.

1. Во практика тоа значи дека откако се преземени сите дејствија по предлогот за издавање нотарски платен налог и дека постапката е завршена со издавање на нотарскиот платен налог, нотарот го прегледува предметот (списот) и ако утврди дека во него се здружени сите доставници и повратници за извршената достава согласно со членовите 79 и 80 од Законот за нотаријатот, а притоа не е изјавен приговор против решението со кое е издаден нотарскиот платен налог или одлуката за трошоците, постапувајќи по службена должност, на примерокот од решението, кое останува здружено во списите на предметот, ќе стави потврди на правосилност и извршност (штембилите бр. 16, 17, 18 и 19 од Правилниклот за формата и содржината на службениот печат, сувиот жиг, жигот за восок и штембилите на нотарот, како и начинот на нивното издавање, замена, одземање и поништување).

Според член 73 став 3 од Законот за нотаријатот, по писмено барање на доверителот или адвокатот како полномошник на доверителот, нотарот ќе стави потврда на правосилност и извршност на неговиот примерок од решението со кое е издаден нотарски платен налог, кое му е доставено.

2. Со новото законско решение изменет е член 16-ѓ став 2 од Законот за извршување. Доверителот, кој сака да покрене постапка за присилно извршување за наплата на долгот спрема должникот, за што треба да располага со правосилна и извршна исправа согласно со член 12 став 1 точка 3 од Законот за извршување, должен е до нотарот да достави писмено барање на неговиот примерок од решението за платен налог да биде ставена потврда на правосилност и извршност. Барање-

то треба да има приемен штембил (образец 3 од наведениот правилник) и да биде - здружено во списите на предметот. Доколку барањето го поднесува полномошник на доверителот, кон барањето треба да биде приложено уредно полномошно, освен во случај ако претходно не е приложено со предлогот за издавање на нотарскиот платен налог.

3. По приемот на барањето нотарот треба да провери дали претходно постапил според точка 1 и доколку утврди дека постапил на примерокот од решението, кое е доставено до доверителот, ќе стави штембили на правосилност и извршност со датум кој веќе (претходно), по службена должност, е ставен на решението.

4. Ако нотарот претходно не постапил согласно со точка 1, во таков случај ќе ги провери податоците наведени во точка 1 и доколку се исполнети условите од член 73 став 1 и 2 од Законот за нотаријатот, на решението доставено од доверителтот ќе стави потврди на правосилност и извршност (штембили бр. 16, 17, 18 и 19 од Правилниклот за формата и содржината на службениот печат, сувиот жиг, жигот за восок и штембилите на нотарот, како и начинот на нивното издавање, замена, одземање и поништување), меѓутоа со датум кога е извршен увид во списите на предметот.

5. Според член 27 став 4 од нотарската тарифа, за ставање потврда на правосилност и извршност на решението на нотарот му припаѓа вкупна награда од 220,оо ден.

6. Доколку против решението за платен налог не е изјавен приговор согласно член 72 став 1 од Законот за нотаријатот, предметот се архивира под условите утврдени со член 80 од Правилникот за видот, содржината, формата, начинот на водењето на актите, уписниците, книгите и имениците на нотарот, помошните книги, начинот на примање и чување на нотарските исправи и предметите од вредност и нивното издавање и преземање, начинот на чување и обновување на нотарските списи и исправи, начинот на архивирање и организирањето на архивирањето, како и преземањето други формални дејствија („Сл. весникна РМ“ бр. 226/16).

7. Списите на нотарски платен налог, согласно со член 81 став 5 од Правилникот наведен во точка 6, се чуваат три години по правосилност и извршност на решението за нотарски платен налог.

СТРУЧЕН СОВЕТ НА НКРМ
Претседател
Наџи Зеќири с.р.

Стручниот совет на Нотарската комора на РМ, во согласност со член 19 од Правилникот за работа на Стручниот совет на НКРМ, на седницата одржана на ден 01.03.2017 година го донесе и Управниот одбор на Нотарската комора на РМ на седницата одржа на ден 04.11.2017 година го усвои следниот

# ЗАКЛУЧОК

1. Предлог за издавање нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа, кој доверителот непосредно го доставува до нотарот, во согласност со член 68 став 2 од Законот за нотаријатот, мора да биде составен од адвокат и да содржи адвокатски печат и потпис, без обврска со предлогот да биде доставено какво било полномошно.

2. Во случај кога предлогот до нотарот го доставува адвокат, но како полномошник на доверителот, потребно е со предлогот да достави уредно полномошно издадено од овластено лице кај доверителот во согласност со член 80 став 1 и 85 став 1 од Законот за парничната постапка.

3. Доколку полномошникот – адвокат не постапи на начин утврден со точка 2 од заклучокот, нотарот ќе побара адвокатот да достави уредно полномошно во рок од 8 дена од денот на приемот на известувањето. Доколку адвокатот не постапи на наведениот начин, нотарот ќе донесе решение со кое предлогот ќе го отфрли.

4. По исклучок од точка 1, предлогот за издавање нотарски платен налог не мора да биде составен од адвокат и задолжително да содржи адвокатски печат и потпис, кога доверителот е Република Македонија и во случаите утврдени со член 68 ставови 3 и 4 од Законот за нотаријатот.

**Образложение**

До Стручниот совет поставено е прашањето дали во случај кога предлогот за издавање нотарски платен налог е само составен од адвокат и содржи негов печат и потпис, е потребно доверителот до нотарот да достави полномошно за составување на предлогот од страна на адвокат.

Овој заклучок се темели врз член 68 ставови 2, 3 и 4 и член 71 став 6 од Законот за нотаријатот и член 80 став 1 и член 85 став 1 од Законот за парничната постапка.

СТРУЧЕН СОВЕТ НА НКРМ
Претседател
Наџи Зеќири с.р.

Стручниот совет на Нотарската комора на РМ, во согласност со член 19 од Правилникот за работа на Стручниот совет на НКРМ, на седницата одржана на ден 29.06.2017 година го донесе и Управниот одбор на Нотарската комора на РМ на седницата одржана на ден 04.11.2017 година го усвои следниот

# З А К Л У Ч О К

Кога на подрачјето на основен суд нотарската служба ја врши само еден нотар, кој има потреба да поведе постапка за наплата на нотарската награда и трошоците спрема должникот со живеалиште – седиште, кое се поклопува со неговото седиште, постапката за издавање решение за нотарски платен налог треба да биде спроведена на следниов начин:

1. Предлогот за издавање на решението за нотарски платен налог ќе биде примен во нотарската канцеларија на нотарот кој го поднесува и ќе биде упишан во Уписникот УПДР. Потоа, нотарот, бидејќи самиот е странка, во согласност со член 64 став 1 точка 1 од Законот за парничната постапка, а во врска со член 81 од Законот за нотаријатот, ќе достави барање за негово изземање од постапувањето, по кое одлучува претседателот на Нотарската комора во согласност со член 32 став 3 од Законот за нотаријатот.

2. Во согласност со член 32 став 5 од Законот за нотаријатот, со решението за изземање ќе биде определен нотар од соседното подрачје кој ќе го преземе дејствието по предлогот за издавање на решение за нотарски платен налог.

По приемот на решението за изземање, нотарот кој го бара изземањето ќе ги достави списите на предметот на натамошно постапување и одлучување до нотарот кој е определен со решението за негово изземање.

3. По приговорот на решението за издаден нотарски платен налог или трошоците на постапката, месно надлежен да одлучува е основен суд од подрачјето за кое е именуван нотарот кој е изземен, односно на кое се наоѓа живеалиште или седиште на должникот.

**О б р а з л о ж е н и е**

До Стручниот совет доставено е прашањето како да постапи нотарот во случај кога треба да поднесе предлог за издавање на решение за

нотарски платен налог, за наплата на нотарската награда и трошоците, спрема должникот чие живеалиште - седиште се поклопува со неговото, а на подрачјето на основниот суд само тој ја врши нотарската служба.

Заклучокот се темели врз член 32 ставови 1 и 5, член 68 став 1 и член 81 од Законот за нотаријатот.

СТРУЧЕН СОВЕТ НА НКРМ
Претседател
нотар Златко Николовски с.р.

Стручниот совет на Нотарската комора на РМ, на 4–тата седница одржана на ден 09.05.2017 година го донесе и Управниот одбор на Нотарската комора на РМ на седницата одржана на ден 10.06.2017 година го усвои следниот

# НАЧЕЛЕН СТАВ

1. Едно од основните начела во Законот за катастарот на недвижностите е начелото на законитост при запишувањето, член 146, кое гласи: „Службеното лице при запишувањето во катастарот на недвижностите, по службена должност, внимава дали се исполнети условите за запишување предвидени со овој закон, без да испитува дали исправите за правниот основ се составени, односно донесени согласно со закон“.

Условите за запишување се утврдени во член 176 според кој, меѓу другото (од аспект на предметните договори), се смета дека правниот основ е подобен за запишување под два услова: 1) исправите за правниот основ да се склучени во писмена/електронска форма и заверени од надлежен орган согласно закон; и 2) да постои соодветност на податоците од член 175 на овој закон.

А според член 175 став 2 (важен за предметните договори), се смета дека постои соодветност на податоците во однос на носителот на правото на недвижноста и недвижноста, доколку податоците за правниот претходник и податоците за недвижноста наведени во исправата за правниот основ се идентични со податоците на носителот на правото на недвижноста и на недвижноста запишани во катастарот на недвижностите пред поднесување на пријавата.

Поконкретно, согласно член 207, по приемот на пријавата се врши споредување на податоците во пријавата за запишување промена, податоците содржани во исправите за правниот основ и зависно од видот на промената и во геодетскиот елаборат со податоците за предметната недвижност и носителот на правото на недвижноста, според податоците запишани во катастарот на недвижностите.

Поврзано со геодетскиот елаборат, согласно членовите 51, 68 и 70, за извршениот премер за зградите, посебните и заедничките делови од згради, во функција на одржување на катастарот на недвижностите, меѓу другото и за спроведување промени на запишаните недвижности, се изготвува геодетски елаборат кој ја содржи геодетско-техничката документација, а која опфаќа: просторни податоци за основата на зградата, податоци за внатрешната површина, податоци за намената, катноста, бројот на зградата, бројот на влезот, влезот на посебниот дел (стан)

и бројот на заедничкиот дел од зградата и податоци за носителите на правата на зградата или посебните и заедничките делови од зградата.

Со геодетски елаборат за посебни намени, пак, согласно членовите од 86 до 89, меѓу другото, се решаваат имотно-правните односи на недвижностите од влијание за катастарот на недвижностите во постапките пред надлежните органи.

2. Во предметните договори се врши купопродажба на дел од стан врз основа на геодетски елаборат за посебни намени – физичка делба, без да биде доставена градежно-техничка документација (проект за адаптација на објект или дел од објект и одобрение/решение за адаптација) до катастарот.

Меѓутоа со предметните договори е прикажана постојната состојба во однос на носителот на правото - продавачот и промените - новата состојба за предметниот стан во однос и на носителот на правото - купувачот и на недвижноста - станот, врз основа на физичката делба извршена со геодетскиот елаборат за посебни намени.

3. Согласно член 97 став 5 од Законот за градење, за адаптација на посебен дел од објект, стан или дел од стан, сопственикот поднесува барање за адаптација до надлежен орган при што доставува имотен лист за објектот за кој е поднесено барање и проект за адаптација кој содржи постојна состојба и нова состојба што се предвидува со адаптацијата, кој донесува решение со кое се одобрува адаптацијата или решение со кое се одбива барањето (став 8), со тоа што примерок од правосилното решение со кое се одобрува барањето за адаптација, како и заверената проектна документација се доставуваат до органот надлежен за запишување на правата на недвижности и до надлежната градежна инспекција (став 13).

Со измените на Законот за градење од февруари 2016 год. („Сл. весник на РМ“ бр. 31/16), додаден е нов став (14) кој гласи: „Пренамена и адаптација на посебен дел од објект, стан или дел од стан не може да се одобри доколку се нарушуваат параметрите за намената и/или параметрите за бројот на станбените единици на објектот, кои се утврдени во важечкиот урбанистички план, односно урбанистичко-планска документација“.

Под АДАПТАЦИЈА се подразбира (согласно член 2 точка 6) изведување градежни и други работи на постоен објект со кои се врши промена на организација на просторот во објектот, се врши замена на уреди, постројки, опрема и инсталации од ист капацитет, а со кои не се влијае на стабилноста и сигурноста на објектот, не се менуваат конструктивните елементи, не се менува надворешниот изглед.

А под РЕКОНСТРУКЦИЈА, пак, се подразбира (согласно член 2 точка 5) изведување работи во рамките на постојниот габарит на објектот со кои се влијае врз исполнувањето на основните барања за градбата и со кои се менува усогласеноста на градбата со проектот според кој е изградена, со менување фасада, промена на технолошкиот процес и на инсталацијата, санација и замена на конструктивни елементи и слично, односно изведување работи на инфаструктурни објекти со кои се влијае врз исполнувањето на основните барања на градбата и со кои се менува усогласеноста на градбата со проектот според кој е изградена.

4. Со оглед дека со предметните договори се продаваат делови од станови врз основа на геодетски елаборати за посебни намени - физичка делба на становите и воспоставување нови имотно-правни сопственички односи на носителите на правото на недвижноста - станот, фактички се врши адаптација на становите, која претходно не е спроведена/запишана во катастарот на недвижностите, од страна на продавачот, а со Законот за градење изрично се предвидува дека не може да се одобри адаптација доколку се нарушуваат параметрите за бројот на станбени единици на објектот, што треба да се потврди со правосилно решение за одобрување на проектот за адаптација, постои несоодветност на податоците меѓу она што стои во договорите како исправи за правен основ, со постојните податоци за становите во катастарот на недвижностите и само по тој основ Агенцијата за катастар на недвижностите може да го одбие запишувањето.

СТРУЧЕН СОВЕТ НА НКРМ
Претседател
нотар Златко Николовски с.р.

# Глава V

# ИНФОРМАЦИИ ОД МЕЃУНАРОДНИОТ НОТАРИЈАТ

# ИЗВЕШТАЈ ОД РАБОТНИОТ СОСТАНОК ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА ГИЗ

одржан на 6 и 7 април 2017 год. во Сараево

нотар Олга Димовска

На 06 и 7 април 2017 година, во организација на Германското друштво за интернационална соработка - ГИЗ, преку Отворениот регионален фонд за југоисточна Европа, во Сараево (Босна и Херцеговина), беше организиран дводневен работен состанок на тема „Подобрување на управувањето со предметите преку воведување модерна информатичка и комуникациска технологија“, на кој присуствуваме јас, нотар Олга Димовска и нотар Виолета Ангеловска, како претставници на Нотарската комора на Република Македонија.

На состанокот беа присутни претставници од нотарските комори на на Р. Србија, претставници на Република Босна и Херцеговина, на Република Црна Гора, на Република Косово, на Република Албанија и на Република Македонија.

Целта на состанокот беше презентација на проект-идејата на Отворениот регионален фонд на југоисточна Европа за воведување модерна информатичка и комуникациска технологија во нотарското работење, а притоа да се соберат информации за секоја земја од регионот и нивните искуства на тој план.

Состанокот го водеше г, Кристофер Вил (Christopher Will), кој ја презентира проект идејата на ОРФ ЛР (ORF LR), времето на реализација и финансиските средста кои треба да се обезбедат.

На состанокот присуствуваше и г. Енес Бикиќ, кој зборуваше за можностите кои ги дава таа проект-идеја и што од тоа е реално изводливо.

По презентацијата, беше побарано од сите претставници на нотарските комори од регионот да бидат презентирани нивните искуства и законски услови за работа, кои се однесуваат на електронската комуникациска врска со надлежните институции, со кои нотарското работење има допирни точки и од кои нотарите имаат потреба.

Преку нашата презентација ги запознавме сите присутни дека нотарите во Република Македонија електронски се поврзани со:

- Агенцијата за катастар на недвижностите, при што секој нотар може да вади имотни листови, а задолжително поднесува пријави за упишување прибелешки или промени по договорите кои ги сочинува,

потврдува или заверува и по оставинските решенија кои ги носи како повереник на основните судови;

- Заложниот регистар на РМ, па можат електронски да поднесуваат пријави за упис на залог, да вадат информации за залог;

- Со Регистарот за лизинг, па секој нотар може да упишува лизинг или да поднесе пријава за бришење лизинг;

- Со Централниот регистар, па секој нотар може за потребите во своето работење да извади тековна состојба за правните лица, да вади потврди за стечај и ликвидација и истите да ги употребува во постапките кои се водат пред него;

- Со Управата за финансиско разузнавање, каде по електронски пат секојдневно нотарите се должни да поднесуваат извештаи за сите сочинети, потврдени или заверени договори за продажба, хипотека, заедничко градење или дар, чија вредност е 15.000 ЕУР или над 15.000 ЕУР.

Укажано им беше дека со новиот Закон за нотаријатот, кој стапи во примена од 01.01.2017 година, предвидено е поврзување на нотарите во РМ со базите за лични податоци за граѓаните на Република Македонија, матичните книги, како и други бази на податоци, кои се потребни за вршењето на нотарското работење.

Исто така беше кажано дека со новиот Закон за нотаријатот, предвидена е нотарска исправа составена во електронски облик, што ќе се архивира и чува во електронска архива, која тогаш беше во фаза на изготвување, а во тој контекст им беше укажано дека со нашиот Закон за градежно земјиште кој е во примена, веќе е предвидена електронска солемнизација на договорите за откуп на земјиште.

Наедно беше укажано и за новините во новиот Закон за нотаријатот, со кој се воведува Регистарот на тестаментите и Регистарот на полномошната, кои ќе се водат во електронска форма од страна на Нотарската комора, а од кои нотарите ќе можат да дојдат до информации по електронски пат.

Исто така беше укажано на воведувањето на електронските уписници, како новина на новиот Закон за нотаријатот.

Ваквата презентација на претставниците на Нотарската комора на Република Македонија побуди многу голем интерес кај сите присутни, посебно од причина што ниту една земја од присутните ги нема сите тие електронски комуникации и пристапи.

Ваквото сознание кај организаторите предизвика друг тек на настаните во текот на вториот ден од состанокот, при што вниманието беше

усмерено кон нашето искуство од ваквата електронска поврзаност и комуникација со институциите во државата, за резултатите од тоа, за начинот на работа, ангажираноста и придобивките од сето тоа.

Со оглед на тоа дека со новиот Закон за нотаријатот се намалени надлежностите на нотарите во Република Македонија, од сите беше поставено само едно прашање, зошто се намалени надлежностите, кога сето она што веќе го работат нотарите во Република Македонија само ја зголемува брзината, ефикасноста и правната сигурност.

Заклучокот од претставниците на ГИЗ беше дека сите тие системи на електронска поврзаност треба да бидат во рацете на нотаријатот, да бидат негова сопственост, кое нешто го овозможува нивниот проект „Подобрување на управувањето со предметите преку воведување модерна информатичка и комуникациска технологија“.

НОТАРСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
CHAMBRE DES NOTAIRES DE LA RÉPUBLIQUE DE MACÉDONIE

TÜRKİYE NOTERLER BİRLİĞİ T.C. 1972

НОТАРСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

| Примено: | 27-07-2017 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 01 | 168971 | | |

# ИЗВЕШТАЈ
## 4-7 мај 2017, Анталија, Турција

### ANTALYA - ISTANBUL NOTARY COUNCILS and INTERNATIONAL NOTARY DAY & SYMPOSIUM

Во периодот од 4 мај до 7 мај 2017 година во Анталија, Турција се одржа меѓународен симпозиум организиран од Унијата на нотарите во Турција на кој како претставници од Нотарската комора на РМ присуствуваа претседателот на Нотарската комора на РМ, нотар Васил Кузманоски, потпретседателот и членот на Управниот одбор, нотар Наџи Зеќири и членот на Управниот одбор, нотар Анита Адамческа.






На 5 мај 2017 година со почеток во 10.00 часот започна меѓународниот симпозиум на нотари, кој симпозиум го отвори претседателот на Унијата на нотари на Турција г-дин Yunus Tutar кој имаше поздравно обраќање.

Понатаму, во рамките на симпозиумот како главна тема беше презентацијата на TARES-Регистарот на подвижни ствари воспоставен во рамки на информацискиот систем на Унијата на турски нотари, а кој беше посебно елабориран од проф. Д-р Sebnem AKIPEK OCAL, а потоа беше даден осврт на

практичната примена и искуството од таквата примена на регистарот на подвижни ствари-TARES, од страна на нотар Fethi AYDOGAN.

Имено, во рамките на нивните излагања истакнаа дека најважен донесен акт од одржувањето на последниот конгрес на УНИЛ е „Законот за залог на подвижни ствари во трговските трансакции“ (закон број 6750) кој е објавен во Службен Весник од 28.10.2016 година и влегол во сила на 01.01.2017 година. Подзаконските акти кон погоренаведениот закон биле објавени во Службениот Весник од 31.12.2016 година. Имено, Законот се однесува на заложените трансакции кои се воспоставуваат со цел да бидат гаранција на обврските и на подвижните ствари кои се предмет на овој закон. Целта на овој закон е да се прошири употребата на правото на залог на подвижни ствари без нивно доставување како обезбедување, да се прошири опсегот на заложни подвижни ствари, да се осигура експлицитноста на залогот на подвижни ствари и да се олесни финансирањето преку алтернативни методи со конвертирање на залозите во готовина. Заложен договор може да се склучи:

А) помеѓу кредитна институција и правни лица коишто се трговци, занаетчии, фармери, самовработени лица, физички или правни лица или

Б) директно помеѓу трговци и/ или занаетчии

Правото на залог се воспоставува со регистрација на заложниот договор во регистар. Побарувањата, правата од интелектуална сопственост на трговските друштва, суровината, приходот од закупнина, комерцијални ознаки, дозволи или одобренија кои не треба да се регистрираат во други регистри, машини и алати и друго може да бидат заложени согласно овој закон. Во случај на воспоставување на залог за покривање на целото трговско друштво или занаетчиски бизнис, се смета дека сите подвижни ствари кои се користат во активностите на друштвото или бизнисот се заложени и регистрирани на овој начин.

Понатаму, истакнаа дека во согласност со протоколот потпишан помеѓу Министерството за царина и трговија и Унијата на турски нотари, се воспоставува регистар на подвижни ствари по името ТАРЕС (TARES), во рамки на информацискиот систем на Унијата на турски нотари, како што е наведено во подзаконскиот акт за Регистарот на подвижни ствари согласно новиот Закон. За да се спроведуваат залози над подвижни ствари, прво е потребно да се направи регистрација на ТАРЕС преку веб сајтот (www.tares.org.tr) или преку аплицирање кај нотар.

ТАРЕС (TARES) системот може да се процесира и регистрира на 2 начина:

1. Преку одобрување на договорот за залог од страните со обезбедување на електронски потпис
2. Преку овозможување на писмена форма и согласност на потписите на страните пред нотар.

Со оваа апликација 24/7 се овозможува:

- Договор за залог на подвижни ствари
- Ослободување на залогот
- Пренесување на правото на залог
- Измени на договорот
- Замена на испразнети постапки може да се започне и потоа трансакција може да се регистрира пред нотар.

Но, како и да е, не е можно да се заложи и регистрира подвижен имот (ствар) преку овој систем за којшто е задолжителна регистрација преку друг регистар.

Како друга позитивна работа која ја наведоа е тоа што продажбата и пренесувањето на моторните возила се врши пред нотарите, регистрацијата и регистрацијата на сертификатите се врши пред Генералната Дирекција за Безбедност, Биро за сообраќајна регистрација. Работите и трансакциите кои се однесуваат на регистрацијата на возилата а кои се вршат преку Генералната Дирекција за Безбедност ќе бидат предадени на нотарските канцеларии со координација на Унијата на турски нотари и документите за регистрација ќе се издаваат од страна на нотарите во согласност со Уредбата бр. 68- објавена во Службен Весник во Јануари 2017 година. Поради тоа регистрацијата и базата на податоци со регистрации ќе се чува во Унијата на турски нотари и нејзиното управување и безбедност ќе бидат обезбедени од Унијата.

Во меѓувреме, наведоа и тоа дека некои измени се направиле на Законот за такса на печатите кои овозможуваат укинување на преддоговорите за продажба, основањето на друштва и на некои понови инвестициски случаи, по што симпозиумот беше затворен.

Во вечерните часови се одржа гала вечерата на која од страна на претседателот на Нотарската комора на Република Македонија Васил Кузманоски на претседателот на Унијата на нотарите на Турција г-дин Јунус Тутар беше доделен скромен подарок во знак на досегашна и идна успешна соработка меѓу Коморите.



Во рамките на прославата македонската делегација оствари средби со претставници на нотарските комори на Русија, Унгарија и Косово и се договорија за понатамошна меѓусебна соработка.

Охрид, јули 2017 година

Подносители:

**Нотар Васил Кузманоски с.р.**
**Нотар Наџи Зеќири с.р.**
**Нотар Анита Адамческа с.р.**

# ИЗВЕШТАЈ

## За службеното патување по повод 10-годишнината од постоењето на нотарската служба, во Федерацијата Босна и Херцеговина во Сараево

Со одлука на Управниот одбор на Нотарската комора на РМ, јас, нотар Наџи Зеќири, бев упатен на службен пат во странсво – Сараево, за да учествувам во името на Нотарската комора на Република Македонија на свечената академија и промоција на монографијата по повод 10-годишнината од постоењето на нотарската служба, во Федерацијата Босна и Херцеговина во Сараево.




На ден 12.05.2017 година присуствував на свеченоста по повод 10-годишнината од постоењето на нотарската служба, во Федерацијата Босна и Херцеговина во Сараево, организирана од Нотарската комора на Федерацијата Босна и Херцеговина.

По повод јубилејот – 10-годишнината од нотаријатот, во Федерацијата Босна и Херцеговина се организира свечена академија и промоција на монографија на која учествуваа преставници со свои излагања, и тоа:

- **Маринко Чавара**
  претседател на Федерацијата Босна и Херцеговина;
- **Сафет Софтич**
  претседавач на Саборот на Парламентот на Босна и Херцеговина;

- **Борјана Кришто**
  заменик-председател на Собранието на Босна и Херцеговина;
- **Мато Јозич**
  федерален министер за правда;
- поф. д-р **Кристоф Цаласт**
  СР Германија;
- Претставник на Меѓународната унија на латинскиот нотаријат (УИНЛ);
- Претставник на Нотаријатот на Европската Унија (ЦНУЕ);
- Претставник на Нотарската комора на СР Германија;
- Исабела Еберл – од Нотарската комора на Австрија.

На истиот ден во вечерните часови во хотел - Европа, во Сараево, се одржа свечената вечер на која присуствуаа сите гости и нотари од Федерацијата Босна и Херцеговина и во тие околности, од моја страна, во името на Нотарската комора на Република Македонија, пред сите присутни, истакнав неколку поздравни збора со искрени честитки по повод свеченоста и во знак на добра соработка помеѓу двете комори и притоа на претседателот на Нотарската комора на Федерацијата Босна и Херцегови на г. Адем Јакуповиќ во име на НКРМ му предадов подарок.

Во рамките на прославата имав средби со неколку преставници од нотарски комори, претежно од соседните поренешни југословенски држави, при што пријателски разменивме мислења и искуства за што поуспешно функционирање на нотарската служба во сите држави.

Тетово, мај 2017 година

ПОДНОСИТЕЛ
нотар Наџи Зеќири с.р.

**Union Internationale du Notariat**

НОТАРСКА КОМОРА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Примено: 11-07-2017
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
|---|---|---|---|
| 03 | 1588/1 | | |

**CONSEIL GENERAL**

**Нотар-Златко Николовски**
Генерален Советник на UINL
Административен советник на IRENE

# И З В Е Ш Т А Ј
## од
## Од 1-та редовна седница на Генералниот Совет на УИНЛ, за мандатниот период 2017 – 2019, одржана во Тбилиси, Грузија на 13 и 14 Мај 2017 година.

Скопје, Јуни 2017

**ИЗВЕШТАЈ**
**од**
**Од 1-та редовна седница на Генералниот Совет на УИНЛ, за мандатниот период 2017 – 2019,**
**одржана во Тбилиси, Грузија на 13 и 14 Мај 2017 година.**

Во главниот град на Грузија, Тбилиси, на 13 и 14 Мај 2017 година се одржа првата редовна седница на Генералниот совет на Меѓународната унија на латинскиот нотаријат за мандатниот период 2017-2019. На седницата присуствуваше Златко Николовски – Генерален Советник на УИНЛ Во ваа информација ќе бидат опфатени позначајните прашања од работата на Советот.




Седницита ја отвори и ја водеше Jose MARQUENO DE LLANO, претседател на УИНЛ.

За работа на Генералниот Совет беше усвоен следниот Дневен Ред:

Сабота 13 Мај 2017 од 09 до 13:00

**ДЕЛ I:**

1. Отварање на седницата
   -Претседател на УИНЛ –Jose Marqueno De LLANO

-Претседател на Националната комора на нотарите на Грузија – Nino KHOPERIA

2. Определување на кворум и определување на правата на глас
3. Усвојување на записникот од седницата на Генералниот совет одржан во Париз на 18 октомври 2016 година.
4. Запознавање со Одлуките усвоени од Управниот одбор на УИНЛ во Мадрид на 3 и 4 Февруари 2017 година.

---

5. Извештај за активностите на Претседателот на УИНЛ Маркењо.

**ДЕЛ II - ТЕМИ И ДЕБАТИ**

6. Актуелна тема: Blockchain и улога на нотарите
Презентација на темата и извештаи.
Дебата
Евентуални препораки до Собранието на земјите членки на УИНЛ

Сабота 13 Мај 2017
Недела 14 Мај 2016

**ДЕЛ III- Презентација и дебата за клучните точки од програмите за работа на Потпретседателите, Континенталните и Интерконтиненталните комисии и Работните групи.**

7. Потпретседатели и Континентални комисии. Заедничко преставување.
**Африка** ( потпретседател – Mouhamed Tchassona Traore/ Претседател на Комисија – Abdelhamid Achite-Henni)
**Северна Америка, Централна Америка, Кариби и Јужна Америка** (Потпретседателі Fernando Trueba Buenfil и Jorge Mateo/ Претседател на Комисија David Figueroa Marquez)
**Азија** (Потпретседател – Hao Chiyong/ Претседател на Комисија – Yalita Widyadhari)
**Европа** (Потпретседател-Sigrun Erber-Faller/ Претседател –Franco Salerno Cardillo)

**8. Интерконтинентални Комисии**

1. CCNI Комисија за меѓународна нотарска соработка (Franze Leopold)
2. CC Консултативна Комисија (Helmut Fessler)
3. CTC Комисија за теми и Конгреси (Wolfgang Ott)
4. CSSN Комисија за нотарска социјална сигурност (Francesco Attaguile)
5. CDN Комисија за нотарска деонтологија ( Marco Antonio Hernandez Gonzales)
6. CDH Комисија за човекови права (Almudena Castro-Girona Martinez)
7. ONPI Постојана нотарска канцеларија за меѓународна размена ( Agueda Crespo)

**9. Работни Групи**

1. Нотарски Акт (Enrique Brancos)
2. Образование ( Regine Dooh – Collins)
3. Борба против Перење пари (Mario Romero Valdivieso)

4. Нови технологии ( Thierry Vachon)
5. Партнеријат со меѓународни организации (Lionel Galliez)
6. Здобивање со право врз недвижност (Didier Nourissat)
7. Меѓународна работна група Civil Law- Common Law (Marc Geleijns)

Прашања и дискусија

**10. Финансиски прашања на Унијата ( Благајник Laure Thonney)**
**11. Презентација на новата Веб страна на УИНЛ**
**12. Нотарски средби и состаноци од интерес на УИНЛ. Утврдување на место и дата на одржување на идните состаноци на органите на УИНЛ.**
**13. Разно**
**14. Затворање**

*

* *

Седницата на Генералниот совет ја отвори Претседателот на УИНЛ Г-дин Jose Marqueno De LLANO кој им посака добродојде на сите Советници и гости на оваа 1-ва седница за мандатниот период 2017-2019 година. Особено се заблагодари на Грузискиот нотаријат и нејзиниот Претседател Nino Khoperia за топлиот пречек и одличната организација на Советот.
Особебо истакна дека политиката на новиот Управен одбор на УИНЛ ке биде насочена кон зајакнување на нотарскиот акт, како акт кој го изготвува орган на јавната власт и на образованието. На надворешен план политиката на УИНЛ ке биде свртена кон кон зајакнување на односите со државните органи и меѓународните организации.

Претседателот на Грузиската комора **Г-дин Nino Khoperia** исто така им посака добродојде на Генералните советници и им се заблагодари на грузиските нотари за нивната работа во организација на овој собир.
Во својот тој накратко ја опиша нотарската комора на Грузија и рече дека вкупно има 246 нотари од кои 146 се во Тбилиси. За да бидеш нотар во Грузија мора да имаш правен факултет, нотарски испит и најмалку 5 години работно искуство. Нотарите ги бира Министерот за правда на конкурс. Новоименуваните нотари се обврзани првите три години од именувањето да вршат служба во региони и градови каде нема нотарска служба.
Во 2012 година изменет е законот за нотаријат и гржанскиот закон така да залозите, заемите и некои други договори од приватни исправи станаа обврзувачки за заверка кај нотар. Нотарска форма е исто така обврзувачка за наследувањето и склопувањето на браковите. Грузискиот нотаријат се регистрира електронски. Секој нотарски акт има единствен идентификационен број. Имаме нов систем на единствен регистер и тој е слобедн и може да му пристапи секој граѓанин на Грузија.

Во однос на борбата против перењето пари ние податоците ги доставуваме до специјална служба која се бави со борбата против перењето пари. А во однос на борбата против тероризмот имаме посебна база на податоци. Ако некое лице од таа листа склучи некој договор, тој механизам го детектира тоа.

Претседателот на УИНЛ Маркењо, исто така поднесе извештај за својата работа од неговиот избор за Претседател. Во тој извештај тој посебно се задржа на две поважни точки: Односите на УИНЛ со постојаната Конференција во Хаг и неговите посети во Вашингтон во врска со борбата против перењето пари.

## Активности со Конференцијата во Хаг во врска со движењето на актите во земјите на ЕУ

Потсети дека проф. Талпис претстави една дефиниција на Нотарскиот акт. Но иако таа дефиниција беше адекватна бидејки ја опфака дефиницијата на Европската Унија, таа не беше прифатена, на прво место од земјите членки на ЕУ од причина на недостаток на доволни материјални гаранции на документот кој е во оптек. Гаранциите дека документот во оптек е сочинет од нотар кој е од типот на латинскиот нотаријат не се доволни. Условите и барањата на нотарскиот акт како гаранција за неговиот оптек мораат да бидат подобро определени.
Од таа причина, со Претседателот на CNUE презентиравме на Г-ѓа Karen Vandekerckhove од Генералната дирекција за правда на ЕУ еден алтернативен текст кој е примен позитивно, но кој на жалост сеуште не ке може да се земе предвид.
Државните органи на земјите од ЕУ и Меѓународните организации бараат од нотаријатите многу подецидни услови за нотарскиот акт. Од тие причини ке мора да се преиспитаат во некои земји условите под кои се сочинуваат нотарските акти. Мораме да ги анализираме карактеристиките на тие акти и неговите ефекти. Мораме да ги дефинираме сите потребни услови за изготвување на нотарскиот акт како би моќело тој да биде прифатен и во сите други земји.

## Средби во Вашингтон на тема борба против перењето пари

Претседателот Маркењо информираше за мошне позитивните резултати постигнати од неговите посети во Вашингтон на Светската Банка, Меѓународниот монетарен фонд, Американската Банка за развој а на тема спречување на перење пари. Она што Претседателот Маркењо сака да го пренесе на сите нотаријати е дека " активноста на нотарите е јавно-правна и мора да се разликува од приватно-правните активности. Тоа не е внатрешно прашање. Перењето пари е меѓународен криминал и ние мора да се бориме на меѓународно ниво. Тоа прашање е и внатрешно и меѓународно што значи дека е и прашање на УИНЛ.
Претседателот Маркењо исто така информираше дека во февруари оваа година се сретна и со Претседателот на Работната група за финансиско делување на Јужна Америка (GAFILAT) на која се поставија основи за понатамочна соработка.

Претседателот Маркењо заклучи дека се постигнати мошне позитивни резултати, бидејки и УИНЛ ги пренесе своите ставови на многу важни меѓународни институции. Заклучи дека постојат големи можности за понатамошна соработка со посетените организации, како на поле на можните законски реформи, воспоставување на едукација и вклучување во работните групи и форумите на тие организации.

# ДЕЛ II Теми и дебати
# Актуелна тема Blockchain и улога на нотарот

Воведно излагање на оваа тема имаше Dominik Gassen, Нотар од Германија, претседател на работната група "Нови технологии" на CNUE.
Излагањето го започна со податок дека од 7,3 милијарди луѓе кои живеат на планетава само 2 милијарди имаат правна исправа за нивниот имот, а кога се нема исправен правен наслов имотот неможе колатерално да се користи за земање на кредит или за трансфер на дел од имот за да добиеш инвеститор. Со еден збор ако имот не е запишан во јавна книга тој не може да ја исполни функцијата за создавање на капитал или кредит. Во овој контекст blockchain базиран приод за регистрација на имот може значително да ја **подобри ефикасноста** во преносот на сопственоста и да ја намали можноста за измами. Исто така **имотните трансакции** би можеле да се вршат со blockchain на сличен начин како што се вршат плаќања помеѓу страни со дигитални пари.

Едноставно кажано blockchain е тип на трговска книга на дигитални записи или трансакции на кои можат да им пристапат сите компјутери кои го користат истиот протокол. Иако во досегашната практика blockchain технологијата се користи со дигитални пари наречени "bitcoins", во иднина, потенцијалната примена на оваа технологија може да биде користена на различни полиња. Така на пример минатата година е лансиран проектот на катастарот на Хондурас во "blockchain" технологија. Една од главните цели на овој проект е да се даде можност на скоро 60% недокументирана сопственост на недвижности да се запише во катастарот. Овој проект во Хондурас е во застој, но има доста земји во развој кои blockchain технологијата ја сметаат за ветувачка во однос на изградба на стабилен катастар. Дури и Шведска ја разгледува оваа технологија за воведување во нејзиниот катастар.

**Технички кажано blockchain е децентрализирана или дистрибуирана база на податоци која се состои од последователни блокови кои содржат делови од информации.**
**Не постои централен орган** кој би ја определувал точната состојба на базата на податоци. Базата не е под централна контрола на некој поединец или институција. Во принцип секој корисник со пристап до blockchain преку определен софтвер може да има своја копија од комплетната база на податоци. Со **Криптографија** се осигурува дека никој не може да ги менува податоците содржани во блоковите без да биде тоа забележано: секој блок од blockchain има криптографска референца поврзана со претходниот блок. **Поверливиот однос** помеѓу корисниците е **неопходно потребен**.

Но овој систем има и недостатоци во случај кога би се применувал во правните работи (1) или во катастарот на недвижностите (2):
1/ Сигурноста на мрежата сеуште не е на потребно ниво. Се претпоставува дека Blockchain треба да осигура интегритет на трансакциите врз основа на фактот дека мнозинството на учесниците во системот би ја препознале трансакцијата како "автентична". Единствено со таква претпоставка две страни кои не се познаваат можат да се согласат дека трансакцијата е "вистинска" и би можеле да се потпрат на неа без официелна потврда од посредник или централен орган.

Оттаму blockchain може да биде хакиран ако се има доволна компјутерска сила. Не треба да се има многу машта да се замисли како некој заинтересиран преку blockchain ја презема контролата на државните ресурси.

2/ Во однос на катастарот на недвижностите постојат исто така специфични забелешки. –

-Пред се blockchain бара сите недвижности да бидат доделени на трансакцискиот оддел. Тој оддел припаѓа на почетниот сопственик забележан од системот. Како предуслов потребна е потполна согласност кој е законскиот сопственик. Но, особено во земјите во развој не само сопственоста туку и површините и меѓите на определена парцела често се предмет на судски постапки.
-во blockchain трансакции доказот за сопственоста е поврзан со определен електронски клуч. Се претпоставува дека оној што го има клучот е истовремено и сопственикот на недвижноста. Што во случај клучот да биде изгубен или украден. Во тој случај правиот сопственик не би можел да преземе било какво дејствие во врска со својата недвижност.

-Комплексноста на прометот со недвижности не може да биде опфатена со blockchain системот.Така на пример со овој систен не може да бидат опфатени права на предимствено купување, олеснувања, разни типови на залози. Тие сите имаат комлексен однос како на пр. Предимствен ред или други соодноси
.
-Ранливоста на blockchain системот има особено тешки консеквенци на полето на трансакциите со недвижности. Така на пр. Системот е мошне ранлив во однос на измамите со даноци, перење пари, финансирање на тероризам.

Како заклучок на оваа излагање е дека: Добро заснована соработка помеѓу катастарот и нотарите даваат многу повеке погодности за функционирање на економијата отколку blockchain системот на трансакции со недвижности.
Постојат многу добри причину зашто мнозинството од катастрите се под јурисдикција на државата или други државни агенции. Доверлива трета страна како што се нотарите кои и самите се под стриктна контрола на државата гарантираат дека податоците внесени во јавните книги се ажурирани и комплетни. Тие се одговорни за внимателна идентификација на договорните страни и давање на соодветен и сеопфатен совет. Проверка и верификација на веродостојноста на документите ги спречува лажните уписи и измамите.

## ДЕЛ III

Следниот ден од седницата на Генералниот совет беше посветена на извештаите на континенталните потпретседатели и Претседателите на соодветните комисии. За нас секако најинтересно е излагањето на потпретседателката за Европа Sigrun Erber-Faller и Претседателот на CAE Franco Salerno Cardillo.

Потпредседателката **Sigrun Erber-Faller** се осврна на состаноците на кои присаствувала во изминатиот период како што се: правничките денови во Салцбург, CAE, семинарот на IRENE итн. Од овие средби може да се заклучи следното:
-голем притисок од адвокатите врз нотарите во Балканските земји
-неосновано зголемување на бројот на нотарите што доведува до маргинализација на нотаријатот и проблеми со адвокатите

-сепак во некои нотаријати се зголемуваат надлежностите, особено во областа на наследувањето и склучувањето на браковите.

Како заклучок на своето излагање ја истакна потребата УИНЛ и неговите органи да дискутираат и за позитивните и за негативните искуства на нотаријатите во Европа и од тоа да се изготви стратегија за делување особено во областа на правото на трговските друштва, наследното право, семејното право и др. Исто така потребно е да се согледаат и евентуалните услуги кои нотарските комори би можеле да ги даваат на граѓаните.
А кога се работи за новите технологии (Blockchain) најпрво би требало да се согледдаат кои услуги нотаријатот би можел да ги понуди на општеството, а после да се определат техничките средства за нивно спроведување, а не обратно. Техниката не е таа која треба да ги диктира јавните услуги.
Претседателот на САЕ **Salerno Cardillo** информираше за 1-та сесија на САЕ одржана во Будимпешта на 24-25 Март оваа година.
Во однос на започнатите студии ја истакна неопходноста од нивно доставување до нотарите во Европа преку своите комори.
1.Студии во тек: "Легализација, Потврдување, Нотарски акт", Стварни права и нивно прилагодување на правото на ЕУ (наследување, брачни режими, регистрирани партнерски односи) и послдната "Јавните регистри и Blockchain".
2.Соработка со IRENE (Европски Институт за нотарски истражувања и студии). Се подготвува нова студија "Брачни режими".
3. Соработка со CNUE –во тек се проекти за ранливи категории на граѓани, Недвижности, Наследувањето и најновиот проект – Парови.
4. Во Будимпешта се одржа семинар на Европската нотарска академија на тема : Неспорни постапки – нивно custom поместување од судовите и улога на нотарот.
5.Тесна соработка на САЕ со Потпредседателката за Европа и со CCNI особено за европските земји кои бараат помош од УИНЛ.

И на крај за одбележување е и дел од извештајот на Комисијата за меѓународна нотарска соработка во кој Претседателот на истата Г-дин Франц Леополд го истакна проблемот на нотаријатот во Македонија а во врска со новиот закон за нотаријат и улогата на адвокатите во истиот.

Скопје, Јуни 2017 година.

Генерален Советник на
УИНЛ
Нотар-Златко Николовски

НОТАРСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
CHAMBRE DES NOTAIRES DE LA RÉPUBLIQUE DE MACÉDONIE

ODA E NOTERËVE TË REPUBLIKËS SË KOSOVËS
NOTARSKA KOMORA REPUBLIKE KOSOVA
NOTARY CHAMBER OF THE REPUBLIC OF KOSOVO

НОТАРСКА КОМОРА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Примено: 27-07-2017
01 1690/1

# ИЗВЕШТАЈ

## 27 мај 2017, Приштина, Република Косово



На 27 мај 2017 година во "*Swiss Diamond Hotel*" во Приштина, Република Косово се одржа јубилеј–5 годишнина на нотаријатот во Република Косово на која како претставници на Нотарската комора на РМ присуствуваа претседателот, нотар Васил Кузманоски, потпретседателите и членови на Управен одбор, нотар Наџи Зеќири и нотар Олга Димовска и поранешниот претседател на НКРМ, нотар Зорица Пулејкова.



По повод јубилејот–5 годишнина на нотаријатот во Република Косово на ден 27.05.2017 година во во "*Swiss Diamond Hotel*" во Приштина беше организирана конференцијата на тема "5 години нотарски систем во Косово, предизвици, постигнувања и цели на Нотарската комора на Република Косово", на која учествуваа претставниците на Нотарската комора на Република Македонија.

Во рамките на конференцијата поздравно обраќање имаше г-ѓа Arbena Shehu, претседател на Нотарската комора на Косово, а свои обраќања имаа и Министерот за правда на Косово, г-ѓа Dhurata Hoxha, како и претседателот на Меѓународната унија на нотари г-дин José Marqueño de Llano и претставникот на Меѓународниот институт за високи студии за нотаријат (I-H-N) г-дин Michel Merlotti.

Исто така на конференцијата говор одржа г-ѓа Mimosa Sadushi, претседател на Националната комора на нотари, Република Албанија која пак зборуваше на тема "Активноста на нотарот и неговата улога во економскиот и социјалниот развој на државата".

Во вечерните часови во Emerald Hotel се одржа гала вечерата на која претседателот на Нотарската комора на Република Македонија г-дин Васил Кузманоски во знак на добра соработка и понатамошни успеси во развојот на нотаријатот во Република Косово, на претседателот на Нотарската комора на Република Косово г-ѓа Арбена Шеху и даде подарок од обетки гулабици – тема од македонското народното творештво кои потекнуваат од античко време

пронајдени на локалитетот Требенишко кале Охридско од 3 век пред нашата ера.



Во рамките на прославата македонската делегација оствари средби со претседателот на Меѓународната унија на нотари г-дин José Marqueño de Llano, со претставникот на Меѓународниот институт за високи студии за нотаријат (I-H-N) г-дин Michel Merlotti, со г-ѓа Mimosa Sadushi, претседател на Националната комора на нотари, Република Албанија, со г-дин Бане Вукичевиќ претседател на Нотарската комора на Црна Гора и со г-дин Јунус Тутар претседател на Нотарската комора на Република Турција.

Охрид, јули 2017 година

Подносители:

**Нотар Васил Кузманоски с.р.**
**Нотар Наџи Зеќири с.р.**
**Нотар Олга Димовска с.р.**
**Нотар Зорица Пулејкова с.р.**

НОТАРСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
CHAMBRE DES NOTAIRES DE LA RÉPUBLIQUE DE MACÉDONIE

TÜRKİYE NOTERLER BİRLİĞİ T.C. 1972
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НОТАРСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Примено: 27-07-2017
01 1651/1

# ИЗВЕШТАЈ
## 2-4 јуни 2017, Анкара, Турција

### 46th ORDINARY CONGRESS Of NOTARIES UNION Of TURKEY
### 46 - тиот Конгрес на Унијата на нотарите на Турција

Во периодот од 2 јуни до 4 јуни 2017 година во Анкара, Турција се одржа 46 - тиот Конгрес на Унијата на нотарите на Турција на кој како претставници на Нотарската комора на РМ присуствуваа претседателот, нотар Васил Кузманоски и потпретседателот и член на Управен одбор, нотар Олга Димовска и членот на Управниот одбор, нотар Сашо Ѓурчиноски.






46-тиот Конгрес на Унијата на нотарите на Турција го отвори претседателот на Унијата на нотарите г-дин Јунус Тутар кој имаше свое поздравно обраќање. Во рамките на 46-тиот Конгрес на Унијата на нотарите на Турција беше извршен избор на советот на претседателството на Унијата, а исто така беа доделени плакати и сертификати на пензионираните колеги.

Во вечерните часови се одржа гала вечерата при што од името на македонскиот нотаријат од страна на претседателот Васил Кузманоски на претседателот на Унијата на турските нотари г-дин Јунус Тутар беше доделен подарок – филигран со ликот на Александар Македонски.





Во рамките на Конгресот, македонската делегација оствари средба со турскиот Министер за правда г-дин Беќир Боздаг, при што е потенцирана меѓусебната соработка меѓу Република Македонија и Република Турција.



Исто така во рамките на 46 - тиот Конгрес на Унијата на нотарите на Турција македонската делегација оствари средби со претставници на нотарските комори на Хрватска, Унгарија и Албанија и се договорија за понатамошна меѓусебна соработка.

Охрид, јули 2017 година

Подносители:

**Нотар Васил Кузманоски с.р.**
**Нотар Олга Димовска с.р.**
**Нотар Сашо Ѓурчиноски с.р.**

# РЕГИОНАЛНА СРЕДБА НА „РОДОВИ ПРАВА И ПРАВО НА ЗЕМЈИШТЕ, ЦЕЛИ И ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ“

одржана во периодот од 28 до 29 јуни
во Колашин, Р. Црна Гора

Во периодот 28-29.06.2017 г., во Колашин, Р. Црна Гора, во рамките на проектот „Родови права и право на земјиште“ во организација на Германското друштво за интернационална соработка (ГИЗ), а во соработка со Организацијата за храна и земјоделство на Обединетите нации (ФАО), се одржа регионална тркалезна маса на тема „Родови права и право на земјиште, цели и одржлив развој“ на земјите учеснички од Западен Балкан.

На регионалната средба присуствуваа работни групи од земјите на Западен Балкан - Р. Македонија, Р. Србија, Р. Босна и Херцеговина, Р. Црна Гора и Р. Албанија.




Од Р. Македонија како номиниран преставник од Нотарската комора присуствуваше нотар Весна Дончева и преставник од Министерството за правда на Р. Македонија, Тања Кикерекова.

Во рамките на проектот од страна на нотар Весна Дончева беше нагласна партиципацијата и отворената соработка на Нотарската комора на Република Македонија за тековните и идните прокети со ГИЗ и нејзиното активно вклучување во прокетите кои би се спровеле во регионот по однос на чувствителното прашање за родови права и еднаквост во поглед на запишување на сопственост на брачните дугари како сопственици на недвижен имот.

За одблежување е податокот дека на регионалната средба која претходно се одржа во Тирана, како и во Колашин, од страна на сите ученици беше потенцирана клучната улога на нотарот во правниот




систем за правната сигурност на граѓаните со посебен акцент на професионалноста на нотарот и неговата специфична улога во правниот промет, како значаен фактор во економскиот развој на стопанството и странските инвестиции, а со цел за побрз влез на државите апликананти во интеграцијата на  Европската Унија.



За сите досегашни проекти во кои Нотарската комора на Република Македонија активно беше вклучена во проектите за родова припадност на жените заедно со претставници на Агенцијата за катастар, на Организацијата за храна и земјоделство на Обединетите нации (ФАО) и на Светска банка има снимено видеофилм за Р. Македонија и за земјите во регионот со анализа за процентуалната вклученост на жените кои се запишани како сопственици на имот во јавните книги на агенциите за катастар во регионот.

За ваше информирање Ви го доставуам линкот од веб-страницата на ФАО.

http://www.fao.org/news/audio-video/detail-video/en/?uid=10740



This FAO-World Bank film addresses the challenges to increasing female land ownership in the Western Balkans (Albania, Bosnia-Herzegovina, Kosovo, FYR Macedonia, Montenegro, and Serbia). Although sound legal frameworks protecting women's rights to own property are in place throughout the region, longstanding customs and traditions continue to favor male property ownership. A joint FAO-World Bank project in the region produced gender-disaggregated data on land ownership for each country, indicating low levels of female ownership. Armed with their new data, country gender teams set about working to reverse the trend in pilot communities.

# Глава VI

# АКТИ НА НОТАРСКАТА КОМОРА НА РМ

Врз основа на член 9-б став 2 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/05, 103/08, 124/10, 135/11, 43/14, 153/15 и 99/16) и Одлуката на Управниот одбор на НКРМ од 10.06.2017 година, претседателот на Нотарската комора на Република Македонија на ден 10 јуни 2017 година донесе

# ПРАВИЛНИК
## за начинот на вршење видеонадзор во Нотарската комора на Република Македонија

### ОПШТА ОДРЕДБА

**Член 1**

Со овој правилник се пропишува начинот на вршењето видеонадзор во службените простории на Нотарската комора на Република Македонија (во натамошниот текст: Комората), во својство на контролор, за техничките и организациските мерки кои Комората ги применува за обезбедување тајност и заштита на личните податоци обработени преку вршењето видеонадзор, рокот и начинот на чување на записите од видеонадзорот и начинот на бришење на видеозаписите, како и правата и обврските на овластените лица кои имаат пристап до системот за вршење видеонадзор.

### ЦЕЛИ НА ВИДЕОНАДЗОРОТ

**Член 2**

(1) Преку системот за видеонадзор во Нотарската комора на Република Македонија се обезбедува:

- заштита на сопственоста на Комората; и

- контрола над влегувањето и излегувањето од службените простории на Комората.

(2) Потребата од вршење видеонадзор во просториите на Комората е подетално разработена во анализата, која е составен дел на овој правилник (прилог бр. 1).

### ОПИС НА СИСТЕМОТ ЗА ВРШЕЊЕ ВИДЕОНАДЗОР

**Член 3**

(1) Видеонадзорот во Комората се врши преку 5 (пет) видеокамери, од кои 1 (една) е поставена да го покрива главниот влез на Комората, 1 (една) е поставена во просторијата за конференциски дел да го по-

крива влезот во таа просторија, а 1 (една) е поставена во ходникот да го покрива влезот во едниот апартман и влезот на архивата, 1 ( една ) е поставена кон плакарот во работната канцеларија со цел заштита на архивата и 1 (една) е поставена во конференцискиот дел со насока кон влезот кон архивата, каде се чува документацијата и основните средства и техничката опрема.

(2) Сите камери ќе бидат активни континуирано, а видеозаписите се чуваат на уредот DVR во централната просторија за сервери на Комората, при што овластено лице од Комората може да пристапува до овие видеоматеријали.

## ПЕРИОДИЧНА ОЦЕНКА

### Член 4

(1) Офицерот за заштита на личните податоци врши периодична оценка на постигнатите резултати од системот за вршење видеонадзор на секои две години, а која се однесува особено за:

- понатамошната потреба од користење на системот за вршење видеонадзор;
- целта, односно целите за вршење видеонадзор;
- можните технички решенија за замена на системот за вршење видеонадзор;
- статистичките показатели за пристапот до снимките направени од видеонадзорот; и
- начинот на искористување на снимките.

(2) За извршената периодична оценка од ставот 1 на овој член, офицерот за заштита на личните податоци изработува извештај кој е составен дел на документацијата за воспоставување на системот за вршење видеонадзор во Комората.

## КАТЕГОРИИ НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ КОИ СЕ ОБРАБОТУВААТ

### Член 5

